**11.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Финансиски извештај за 2024 година на ООУ ,,Славејко Арсов'' – с.Подмочани

Се објавува Заклучок по Финансиски извештај за 2024 година на ООУ ,,Славејко Арсов'' – с.Подмочани, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 28.03.2025 година.

Бр.09-935/11 Градоначалник
01.04.2025 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 23 став 1 точка 35 и член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/21) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 28.03.2025 година, откако го разгледа Финансиски извештај по завршна сметка за 2024 година на ООУ ,,Славејко Арсов'' – с. Подмочани, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Финансиски извештај за 2024 година на ООУ ,,Славејко Арсов'' – Подмочани заведен под арх.бр.02-58/1 од 17.02.2025 год.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-834/15 Претседател
28.03.2025 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
СЛАВЕЈКО АРСОВ
Бр. 02-58/1
17.02.2025 год.
Подмочани Ресен

# ФИНАНСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2024 ГОДИНА
# ООУ “СЛАВЕЈКО АРСОВ“- ПОДМОЧАНИ

Остварувањето на приходите и расходите во 2024 година на основното училиште Славејко Арсов Подмочани се заснова на претходно одобрен финансиски план. Реализацијата на сметката се остварува преку две сметки: сметка на блок дотација и сметка на сопствени приходи .

Следува приказ на приходите и расходите по сметки и конта за периодот јануари декември 2024 година.

## СМЕТКА БЛОК ДОТАЦИЈА
760010492890319

Средствата се обезбедени од министерството за образование како блок дотација преку општина Ресен, распределени се во програма N1, истите се користени за:

- Исплата на плати, придонеси и надоместоци на вработените
- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт
- Материјали и ситен инвентар
- Поправки и тековно одржување
- Договорни услуги
- Други тековни расходи
- Разни трансфери

Во следниве табели се прикажани одобрени приходни и расходни конта за нивна реализиација:

| **Конто** | **Опис** | **Износ** |
|---|---|---|
| **741120** | **Блок дотации на општината по намени** | **27 610 694** |
| **401** | **Основни плати и надоместоци** | **17 208 227** |
| 401130 | Основни плати | 15 856 885 |
| 401310 | Персонален данок | 1 307 422 |
| 401320 | Данок од надоместоци | 43 920 |
| **402** | **Придонеси** | **6 675 780** |
| 402110 | ПИО | 4 482 333 |
| 402210 | Здраство | 1 788 136 |
| 402220 | Професионално | 119 211 |
| 402310 | Вработување | 286 100 |

| | | |
|---|---|---|
| **404** | **К-15** | **395 424** |
| 404110 | Надоместок за К-15 | 395 424 |
| **421** | **Комунални услуги** | **1 081 700** |
| 421110 | Електрична енергија | 578 877 |
| 421120 | Вода | 87 515 |
| 421220 | Дрва | 62 100 |
| 421310 | Пошта | 9 416 |
| 421320 | Телефон | 45 894 |
| 421390 | Други трошоци за комуникација | 160 898 |
| 421440 | Транспорт | 137 000 |
| **423** | **Ситен инвентар и материјали** | **244 628** |
| 423110 | Канцелариски материјали | 62 557 |
| 423610 | Наставно образовни помагала | 63 000 |
| 423620 | Училишни материјали | 59 599 |
| 423710 | Хигиена | 59 472 |
| **424** | **Тековно одржување** | **435 752** |
| 424210 | Одржување на згради | 419 752 |
| 424230 | Дезинфекција | 16 000 |
| **425** | **Договорни услуги** | **1 199 517** |
| 425310 | Правни услуги | 6 500 |
| 425490 | Систематски прегледи | 68 121 |
| 425760 | Превозни услуги | 885 485 |
| 425990 | Други договорни услуги | 185 611 |
| **426** | **Други расходи** | **119 845** |
| 426410 | Огласи | 19 809 |
| 426990 | Други трошоци | 100 036 |
| **464** | **Разни трансвери** | **249 821** |
| 464940 | Отпремнина | 242 046 |
| 464990 | Други трансвери | 7 775 |
| | **Вкупно** | **27 610 694** |

Од горенаведените суми исплатена е платата за сите вработени корегирана со 0.5% за стаж на годишно ниво, зголемена за 5% за октомври, ноември и декември. Исплатен регрес за годишен одмор во износ од 395 424 денари и исплатен е данок од 11.11%.

Во делот на комунални услуги греење, комуникација и транспорт исплатени се 1 081 700 денари.

Во текот на 2024 година училиштето се затоплува со клима уреди добиени од донација од физичко лице. Останува со затоплување со пелети подрачното училиште во село Асамати.

Поради доволен број на средства обезбедени од страна на министерството преку блок дотација унапред исплатени се дел од трошоците за телефон, интернет и вода.

Во делот на конто 423 материјали и ситен инвентар потрошени се средства за редовно работење, воедно набавени се и нагледни средства за учениците како синтисајзер, модел скелет и четири таблети.

Во делот од превозни услуги исплатени се фактурите за превоз на ученици заклучно со октомври.

Во делот за други договорни услуги беше пставена нова електрична инсталација за потребите на училиштето бидејќи претходната беше стара и дотрошена и не можеше да ги задоволи потребите на училиштето.

На конто 464 исплатени се три отпремнини за пензионирање.

На сметка 903 се водат сите основни средства и ситен инвентар, од страна на училиштето направен е попис извршена амортизација на средствата со соодветни ставки.

## СМЕТКА ЗА САМОФИНАНСИРАЊЕ
## 760010492878714

На оваа сметка нема прилив и одлив на средства во текот на 2024 година, се пренесува салдото од претходни години во износ од 1 384 денари кое продолжува и во 2025 година.

Преседател на Училишен Одбор на
ООУ„Славејко Арсов„с.Подмочани
Игор Стојановски

Директор,
Себахат Шемшединовска

**12.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Финансиски извештај за 2024 година на ООУ ,,Браќа Миладиновци'' – с. Царев Двор

Се објавува Заклучок по Финансиски извештај за 2024 година на ООУ ,,Браќа Миладиновци'' – с. Царев Двор, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 28.03.2025 година.

Бр.09-935/12 Градоначалник
01.04.2025 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 23 став 1 точка 35 и член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/21) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 28.03.2025 година, откако го разгледа Финансиски извештај по завршна сметка за 2024 година на ООУ ,,Браќа Миладиновци'' – с. Царев Двор, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Финансиски извештај за 2024 година на ООУ ,,Браќа Миладиновци'' – с. Царев Двор заведен под арх.бр.05-26/1 од 07.02.2025 год.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-834/16 Претседател
28.03.2025 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ООУ Браќа Миладиновци
05-26/1
07-02 2025 год.
Царев Двор Ресен

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2024 ГОДИНА ООУ“БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“- ЦАРЕВ ДВОР

Остварувањето на приходите и расходите во 2024 година на основното училиште Браќа Миладиновци Царев Двор се заснова на претходно одобрен финансиски план. Реализацијата на сметката се остварува преку две сметки: сметка на блок дотација и сметка на сопствени приходи.

Следува приказ на приходите и расходите по сметки и конта за периодот јануари - декември 2024 година.

## СМЕТКА БЛОК ДОТАЦИЈА
760010493690311

Средствата се обезбедени од министерството за образование како блок дотација преку општина Ресен, распределени се во програма N1, истите се користени за:

- Исплата на плати, придонеси и надоместоци на вработените
- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт
- Материјали и ситен инвентар
- Поправки и тековно одржување
- Договорни услуги
- Други тековни расходи
- Разни трансфери
- Купување на мебел

Во следниве табели се прикажани одобрени приходни и расходни конта за нивна реализиацијa:

| **Конто** | **Опис** | **Износ** |
|---|---|---|
| **741120** | **Блок дотации на општината по намени** | **23 089 691** |
| **401** | **Основни плати и надоместоци** | **14 469 404** |
| 401130 | Основни плати | 13 350 826 |
| 401310 | Персонален данок | 1 079 538 |
| 401320 | Данок од надоместоци | 39 040 |
| **402** | **Придонеси** | **5 612 567** |
| 402110 | ПИО | 3 768 446 |
| 402210 | Здраство | 1 503 372 |
| 402220 | Професионално | 100 237 |

| | | |
|---|---|---|
| 402310 | Вработување | 240 512 |
| **404** | **К-15** | **351 488** |
| 404110 | Надоместок за К-15 | 351 488 |
| **421** | **Комунални услуги** | **936 975** |
| 421110 | Електрична енергија | 52 817 |
| 421120 | Вода | 270 799 |
| 421220 | Дрва | 376 106 |
| 421310 | Пошта | 2 855 |
| 421320 | Телефон | 1 348 |
| 421390 | Други трошоци за комуникација | 106 300 |
| 421410 | Гориво | 85 000 |
| 421440 | Транспорт | 41 750 |
| **423** | **Ситен инвентар и материјали** | **179 977** |
| 423110 | Канцелариски материјали | 33 760 |
| 423610 | Наставно образовни помагала | 144 447 |
| 423620 | Училишни материјали | 1 480 |
| 423710 | Хигиена | 290 |
| **424** | **Тековно одржување** | **719 998** |
| 424210 | Одржување на згради | 698 758 |
| 424230 | Дезинфекција | 21 240 |
| **425** | **Договорни услуги** | **329 760** |
| 425490 | Систематски прегледи | 19 200 |
| 425920 | Копирање и печатење | 62 595 |
| 425990 | Други договорни услуги | 247 965 |
| **426** | **Други расходи** | **109 754** |
| 426990 | Други трошоци | 109 754 |
| **464** | **Разни трансвери** | **319 830** |
| 464940 | Отпремнина | 237 724 |
| 464990 | Други трансвери | 82 106 |
| **483** | **Купување мебел** | **59 938** |
| 483110 | Канцелариски мебел | 59 938 |
| | **Вкупно** | |

Од горенаведените суми зана 423 нагледни средства набавена е интерактивна табла, проектор, 5 принтери. Исто така набавени се 4 куќишта за компјутери и многу други делови за компјутери. Набавени се топки за одбојка, фудбал, мрежа за одбојка, агломери, шестари, лениври, триаголници. Набавени се 3 телевизори за училници во централно училиште.

На конто 424 набавени се бории 32 прави парчиња, 16 криви парчиња, 2 високи ќумбиња. Исто така набавен е клима уред и

микробранова печка за во наставничка канцеларија во централното училиште.

Комплетно реновиран делот од старата кујна и наменет како простор за дневен престој. Извршено е бетонирање поставена кошулица со мрежа, рушење на плочки, санирање на ѕидови со абрип и поставени две врати и ламинат.

Претходно паднат таван во ходникот на училиштето целосно оштетен е поправен и направен како спуштен таван.

Направен елаборат за електрично заземјување и истото е поставено во централното училиште и во подрачните училишта во село Дрмени и село Стење.

Поставен е уред за евиденција на работно време и доделени безконтактни привезоци на вработените.

На конто 425 со договор на дело молерисани 8 училници и ходник во централното училиште.

На конто 464 исплатени се три отпремнини за пензионирање и две солидарни исплати за починат член на семејство.

На 483 купување на мебел набавени се 44 училишни столчиња.

Поради доволен број на средства обезбедени од страна на министерството преку блок дотацијата исплатено е дел за вода за наредната 2025 година, интернет, канцелариски материјали, хигиена, платено е аконтација за ангажирање на стручно лице за цела 2025 година.

На сметка 903 се водат сите основни средства и ситен инвентар, од страна на училиштето направен е попис извршена амортизација на средствата со соодветни ставки.

## СМЕТКА ЗА САМОФИНАНСИРАЊЕ
## 760010493678717

Остварен вкупен приход во 2024 година од 73 460 денари, приходот е од извршно решение од претходни години. Истите пари се префрлени и во 2025 година.

Директор:

____________________

Јасмина Волкановски

**13.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Финансиски извештај за 2024 година на ООУ ,,Димитар Влахов'' – с.Љубојно

Се објавува Заклучок по Финансиски извештај за 2024 година на ООУ ,,Димитар Влахов'' – с.Љубојно, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 28.03.2025 година.

Бр.09-935/13
01.04.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 23 став 1 точка 35 и член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/21) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 28.03.2025 година, откако го разгледа Финансиски извештај по завршна сметка за 2024 година на ООУ ,,Димитар Влахов'' – с.Љубојно, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Финансиски извештај за 2024 година на ООУ ,,Димитар Влахов'' – с.Љубојно заведен под арх.бр. 01-14/1 од 12.02.2025 год.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-834/17
28.03.2025 година
Ресен

Претседател
Ирена СтрезовскаКукуловска с.р

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
ДИМИТАР ВЛАХОВ
Бр.01-141/1
12.02.2025 год.
с.Љубојно,Ресен

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 2024 ГОДИНА
# ООУ“ ДИМИТАР-ВЛАХОВ“-ЉУБОЈНО

Остварувањето на приходите и расходите во 2024 година на основното училиште Димитар Влахов Љубојно се заснова на претходно одобрен финансиски план. Реализацијата на сметката се остварува преку две сметки: сметка на блок дотација и сметка на сопствени приходи .

Следува приказ на приходите и расходите по сметки и конта за периодот јануари декември 2024 година.

## СМЕТКА БЛОК ДОТАЦИЈА
## 760010489890312

Средствата се обезбедени од министерството за образование како блок дотација преку општина Ресен, распределени се во програма N1, истите се користени за:

- Исплата на плати, придонеси и надоместоци на вработените
- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт
- Материјали и ситен инвентар
- Поправки и тековно одржување
- Договорни услуги
- Други тековни расходи
- Разни трансфери

Во следниве табели се прикажани одобрени приходни и расходни конта за нивна релизиацција:

| **Конто** | **Опис** | **Износ** |
|---|---|---|
| **741120** | **Блок дотации на општината по намени** | **21 997 155** |
| **401** | **Основни плати и надоместоци** | **13 657 202** |
| 401130 | Основни плати | 12 598 774 |
| 401310 | Персонален данок | 1 018 168 |
| 401320 | Данок од надоместоци | 40 260 |
| **402** | **Придонеси** | **5 295 481** |
| 402110 | ПИО | 3 555 533 |
| 402210 | Здраство | 1 418 442 |
| 402220 | Професионално | 94 569 |
| 402310 | Вработување | 226 937 |

| | | |
|---|---|---|
| **404** | **К-15** | **362 472** |
| 404110 | Надоместок за К-15 | 362 472 |
| **421** | **Комунални услуги** | **1 422 000** |
| 421110 | Електрична енергија | 179 436 |
| 421220 | Дрва | 159 889 |
| 421240 | Нафта | 898 175 |
| 421320 | Телефон | 36 400 |
| 421390 | Други трошоци за комуникација | 96 000 |
| 421440 | Транспорт | 52 100 |
| **423** | **Ситен инвентар и материјали** | **240 000** |
| 423110 | Канцелариски материјали | 33 621 |
| 423610 | Наставно образовни помагала | 141 752 |
| 423710 | Хигиена | 64 627 |
| **424** | **Тековно одржување** | **390 000** |
| 424210 | Одржување на згради | 368 760 |
| 424230 | Дезинфекција | 21 240 |
| **425** | **Договорни услуги** | **330 000** |
| 425490 | Систематски прегледи | 17 600 |
| 425760 | Превозни услуги | 260 178 |
| 425990 | Други договорни услуги | 52 222 |
| **426** | **Други расходи** | **120 000** |
| 426410 | Огласи | 21 532 |
| 426990 | Други трошоци | 98 468 |
| **464** | **Разни трансвери** | **180 000** |
| 464940 | Отпремнина | 171 939 |
| 464990 | Други трансвери | 8 061 |
| | **Вкупно** | **21 997 155** |

Од горенаведените суми на конто 423 како нагледно средство набавена е интерактивна табла и лаптоп за кабинет по информатика. И набавен телевизор во централното училиште, и набавени две правосмукалки.

На конто 424 тековно одржување извршено е молерисување на подрачното училиште во село Крани внатрешно во сите училници. Поставена ПВЦ дограма во централно училиште на долниот спрат. Извршена санација на кровот во централното училиште.

Поставен еден клима уред во подрачното училиште во село Сливница.

На конто 464 исплатена е отпремнина за еден вработен и исплатена солидарна помош за починат член на семејство на двајца вработени.

Поради доволен број на средства обезбедени од страна на министерството преку блок дотацијата унапред е платено интернет за дел од 2025 година, телефон, унапред исплатени средства за хигиена, канцелариски материјали хартија и тонери.

Набавено е нафта за дел од 2025 година.

На сметка 903 се водат сите основни средства и ситен инвентар, од страна на училиштето направен е попис извршена амортизација на средствата со соодветни ставки.

## СМЕТКА ЗА САМОФИНАНСИРАЊЕ 760010489878718

Остварен вкупен приход во 2024 година 102 785 денари. Поточно пренесено салдо од претходна година од добиените средства за елементарна непогода во тој регион.

Направен е трошок за камата за плата 116 денари, останатиот приход 102 669 денари се префрлува во наредна 2025 година, истиот ќе биде искористен за санација на кровот на училиштето.

**14.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот по Програмите за изведување на екскурзии во трето,шесто и деветто одделение во учебната 2024/2025 година во ОУ ,,Гоце Делчев'' – Ресен

Се објавува Заклучок по Програмите за изведување на екскурзии во трето, шесто и деветто одделение во учебната 2024/2025 година во ОУ ,,Гоце Делчев'' – Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 28.03.2025 година.

Бр.09-935/14
01.04.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 ,11/2015 и 10/2021) а во врска со член 7 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година, Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 28.03.2025 година, откако ги разгледа Програмите за изведување на екскурзии во трето, шесто и деветто одделение во учебната 2024/2025 година во ОУ ,,Гоце Делчев” – Ресен, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојуваат Програмите за изведување на екскурзии во трето, шесто и деветто одделение во учебната 2024/2025 година во ОУ ,,Гоце Делчев” – Ресен заведен под арх.бр.09-47/1 од 14.02.2025 год.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-834/18
28.03.2025 година
Ресен

Претседател
Ирена СтрезовскаКукуловска с.р

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Основно училиште
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
бр 09-47/1
14.02. 2025 год.
РЕСЕН

# ОУ„Гоце Делчев“ Ресен

***Програма за изведување еднодневна екскурзија со ученици од трето одделение во учебната 2024/25 година***

**Ресен, февруари**

# УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ

***Програма за изведување на еднодневна екскурзија со ученици од трето одделение во учебната 2024/25 година***

Врз основа на Годишната програма за 2024/25 година на ОУ„Гоце Делчев" - Ресен,и во согласност со правилникот за изведување на екскурзии бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година изработен од Министерството за образование и наука, врз основа на член 34 став 4 од Законот за основно образование, Стручниот тим за екскурзии, формиран од Училишниот одбор на училиштето, а врз основа на член 6 став 1 од гореспоменатиот правилник за екскурзии, ја изработи следнава Програма за изведување на екскурзии со ученици од трето одделение.

Со наставно-научна екскурзија ќе бидат опфатени учениците од 3-а и 3-б одделение.

***Воспитно – образовни цели:***

- Да се прошират и совладаат одредени знаења од наставниот материјал и пошироко;

-Да се систематизираат стекнатите знаења и проширување на знаењата од општество(традиција,архитектура, занаети,носии, верски објекти),како и убавините на нашата татковина, природни богатства,(реки, планини) богатство на дијалекти и говори.

- Примена на вештини и ставови преку запознавање на појавите, културно-историски знаменитости, научни институции, индустриски и земјоделски капацитети и други објекти од општествената средина кои што се во согласност со воспитно –образовната работа на училиштето.

***Задачи***

- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
- Градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности
- Разгледување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот
- Развивање интерес кон природата и градење еколошки навики
- Социјализација, колективна заштита и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење

***Содржини и активности***

- Тргнување во 8,00 часот од Ресен преку Битола се продолжува за Кичево посета на изворите на Вардар –Вруток Природно географски одлики), преку Гостивар према Тетово-посета на Шарената џамија (средновековен споменик на исламската култура) потоа према Лешок со посета на Лешочкиот манастир(средновековен споменик на христијанската култура).На враѓање се посетува Струга и куќата на Миладиновци поврзани со наставните содржини.

***Раководител, наставници и ученици***

- Раководител на екскурзијата Снежана Тозиевска - одделенски раководител на 3б одделение

_____________ (потпис)

- Наставници кои учествуваат во екскурзијата:

– Ефгена Џуровска   одделенски раководител на 3 а одд. _____________ (потпис)

-Јасмина Монавчева   Одделенски раководител _____________ (потпис)

- Екскурзијата се организира за учениците од 3- а, и 3- б одделение и подрачно училиште во с.Сопотско..

***Времетраење на ученичката екскурзија***

- Еднодневна екскурзија (во текот на месец мај)

***Локации за посета и правци на патување***

Тргнување во 8,00 часот од Ресен преку Битола се продолжува за Кичево посета на изворите на Вардар преку Гостивар према Тетово-посета на Шарената џамија потоа према Лешок со посета на Лешочкиот манастир.Враќање назад преку Кичево, Струга,Охрид, Ресен.

***Техничка огранизација***

- Техничката организација ќе се изведува во согласност со членовите од 12-27 важечкиот Правилник за организирање и изведување на ученички екскурзии.

***Начин на финансирање***

- Екскурзијата ќе ја финансираат учениците со исплаќање на две рати и тоа првата рата пред, а втората после изведувањето на екскурзијата (паричните средства ќе се исплаќаат директно на жиро сметка на агенцијата од страна на родителите - старателите)
- Број на ученици (ќе се прецизира во договорот )

***Извештај за реализација на екскурзијата***

Согласно член 28 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии најдоцна во рок од три дена стручниот тим ке поднесе извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

Извештајот ке биде разгледан на Наставнички совет и Советот на родители, а ке биде усвоен од Училишниот одбор.

Одделенските раководители ке ги запознаат Родителите со извештајот на родителски состаноци.

Програмата ја изработи стручен тим (комисија)

1. Нанчовска Елизабета – Директор ____________
(потпис)

2. Снежана Тозиевска - раководител на екскурзија ____________
(потпис)

3. Ефгена Џуровска – одделенски раководител ____________
(потпис)

4.Јасмина Монавчева -одделенски раководител ____________
(потпис)

Директор
Елизабета Нанчовска
____________

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Основно училиште
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
Бр 09-48/1
14.02. 20 25 год.
РЕСЕН

ОУ„ Гоце Делчев“ Ресен

# Програма за изведување на дводневна

# екскурзија со ученици од 6 (шесто) одделение во учебната

# 2024/25 година

**Ресен, Февруари 2025 год.**

природата на овој регион.
Најава на содржина:

2. Историски и природни објекти во Штип и Гевгелија

Учениците прво ќе го посетат Музејот на град Штип, каде што ќе можат да го истражат историскиот и културниот значај на градот Штип, како и да го запознаат начинот на живеење на луѓето во одделени караеви. Потоа, ќе го посетат Баргалата, каде што ќе можат да го истражат природниот пејсаж и флората и фауната на овој регион. Во текот на истражувањето, учениците ќе можат да поставуваат прашања и да добијат одговори од водичите или локалните жители кои ќе им помагаат во истражувањето. По завршувањето на истражувањето, учениците ќе имаат можност да разговараат за своите искуства и да споделат што се научиле за историјата и природата на овој регион. По завршувањето на истражувањето, учениците ќе имаат можност да разговараат за своите искуства и да споделат што се научиле за историјата и природата на овој регион.

3. Природни и културни објекти во Струмица и околината

Учениците ќе имаат можност да истражат природни и културни објекти во градот Струмица и околината. При посета на Колешинските водопади ќе можат да го истражат природниот пејсаж и флората и фауната на овој регион. Ќе прават фотографии или цртаат. Потоа, ќе го посетат Манастирот Св. Леонтиј – Водоча, каде што ќе можат да го истражат историскиот и културниот значај на овој манастир, како и да го запознаат верскиот живот на локалната заедница. Во текот на истражувањето, учениците ќе можат да поставуваат прашања и да добијат одговори од водичите или локалните жители кои ќе им помагаат во истражувањето.

Со овие две содржини учениците од шесто одделение:

- ќе се запознат со природните карактеристики на Република Македонија – котлини и планини во Повардарие и Источна Македонија, текот на река Вардар и климата во Повардарие и Источна Македонија.
- ќе можат да ги разгледаат селските и градски населби во источна Македонија, запознавање со културно - историски споменици и знаменитости.
- ќе се запознат со стопанските дејности со кои што се занимаваат луѓето од Повардарие и Источна Македонија.

4. Истражување на културните и природните богатства на Скопје и околината

Во рамките на оваа активност, учениците од шесто одделение ќе имаат можност да истражат искуства и знаења за културните и природните богатства на Скопје и околината. Со организирана посета на различни локации, учениците ќе имаат можност да ги истражат и доживеат следниве локации: Скопско Кале, Св. Спас,
Музеј на македонска борба, Спомен куќа на Мајка Тереза, Природно научен музеј, ЗОО, Аеродром Скопје
Учениците ќе бидат поделени во групи или парови, каде што ќе имаат можност да се запознаат со различните локации.
Учениците ќе бидат поттикнати да ги истражуваат различните локации, историските и културни значајности.
Исто така, учениците ќе бидат поттикнати да учествуваат во различни спортски активности, каде што ќе имаат можност да развиваат здрави навики за живеење.

**3. Одговорен наставник, други вклучени наставници, ученици и други**

Техничката организација се изведува во согласност со члновите 17, 18, 19, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 од важечкиот правилник за организација и изведување на ученички екскурзии.

**8. Начин на финансирање-**

Екскурзијата ќе ја финансираат родителите со исплаќање на две рати и тоа првата рата пред, а втората после изведувањето на екскурзијата (паричните срдства ке се исплаќаат директно на жиро сметка на агенцијата од страна на родителите).

**9. Извештај за реализација на екскурзијата**

Согласно член 28 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии најдоцна во рок од три дена стручниот тим ке поднесе извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

Извештајот ќе биде разгледан на Наставнички совет и Советот на родители, а ќе биде усвоен од Училишниот одбор.

Одделенските раководители ке ги запознаат Родителите со извештајот на родителски состаноци.

Програмата ја изработи стручен тим (комисија):

1. Нанчовска Елизабета – Директор ______________
2. Маре Соколевска-одделенски раководител ______________
3. Митко Евтимовски – одделенски раководител ______________

Директор
Елизабета Нанчовска
______________

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Основно училиште
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
Бр 09-49/1
14.02. 2025 год.
РЕСЕН

ОУ„Гоце Делчев“ Ресен

**Програма за изведување на тридневна**

**екскурзија со ученици од 9 (деветто) одделение во учебната**

**2024/25 година**

**Ресен, Февруари 2025 год.**

✓ Природни и културни објекти во Струмица и околината

Учениците ќе имаат можност да истражат природни и културни објекти во градот Струмица и околината. При посета на Колешинските водопади ќе можат да го истражат природниот пејсаж и флората и фауната на овој регион. Ќе прават фотографии или цртаат. Потоа, ќе го посетат Манастирот Св. Леонтиј – Водоча, каде што ќе можат да го истражат историскиот и културниот значај на овој манастир, како и да го запознаат верскиот живот на локалната заедница. Во текот на истражувањето, учениците ќе можат да поставуваат прашања и да добијат одговори од водичите или локалните жители кои ќе им помагаат во истражувањето.

Со овие две содржини учениците од деветто одделение:

- ќе се запознат со природните карактеристики на Република Македонија – котлини и планини во Повардарие и Источна Македонија, текот на река Вардар и климата во Повардарие и Источна Македонија.
- ќе можат да ги разгледаат селските и градски населби во источна Македонија, запознавање со културно - историски споменици и знаменитости.
- ќе се запознат со стопанските дејности со кои што се занимаваат луѓето од Повардарие и Источна Македонија.

✓ Историски и културни објекти во околината на Штип, Пробиштип, Кочани и Виница.

Учениците прво ќе го посетат Музејот на град Штип, каде што ќе можат да го истражат историското и културното значење на градот Штип, како и да го запознаат начинот на живеење на луѓето во одделени караеви. Потоа, ќе го посетат Баргалата, каде што ќе можат да го истражат природниот пејсаж, флората и фауната на овој регион. Во текот на истражувањето, учениците ќе можат да поставуваат прашања и да добијат одговори од водичите или локалните жители кои ќе им помагаат во истражувањето. По завршувањето на истражувањето, учениците ќе имаат можност да разговараат за своите искуства и да споделат што се научиле за историјата и природата на овој регион. Со посета на Исарот ќе се запознаат со живописниот пејсаж на овој регион.

✓ Природни и културни објекти во Виница

Со посетата на Лесновскиот манастир ќе имаат можност да се запознаат со културното и историско значење на овој објект. Во текот на истражувањето, учениците ќе можат да поставуваат прашања и да добијат одговори од водичите или локалните жители кои ќе им помагаат во истражувањето. Потоа, ќе го посетат Виничкото кале, каде што ќе можат да го истражат природниот пејсаж, флората и фауната на овој регион. По завршувањето на истражувањето, учениците ќе имаат можност да разговараат за своите искуства и да споделат што се научиле за историјата и природата на овој регион. Со посетата на Музејот на Теракота ќе се запознаат со терактоните икони кои се наоѓаат во истиот и ќе може да поставуваат прашања за важноста и значењето на овој објект.

✓ Истражување на културните и природните богатства на Скопје и околината

Во рамките на оваа активност, учениците од шесто одделение ќе имаат можност да истражат искуства и знаења за културните и природните богатства на Скопје и околината. Со организирана посета на различни локации, учениците ќе имаат можност да ги истражат и доживеат следниве локации: Скопско Кале, црквата Св. Спас. Музеј на македонската борба ,

Ручек и враќање преку Велес, Прилеп, Битола и пристигнување во  Ресен во вечерните часови.

**7. Техничка организација**

Техничката организација се изведува во согласност со членовите 17, 18, 19, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27  од важечкиот правилник за организација и изведување на ученички екскурзии.

**8. Начин на финансирање-**

Екскурзијата ќе ја финансираат родителите со исплаќање на две рати и тоа првата рата пред, а втората после изведувањето на екскурзијата (паричните средства ке се исплаќаат дирекно на жиро сметка на агенцијата од страна на родителите).

**9. Извештај за реализација на екскурзијата**

Согласно член 28 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии најдоцна во рок од три дена стручниот тим ке поднесе извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

Извештајот ќе биде разгледан на Наставнички совет и Советот на родители, а ќе биде усвоен од Училишниот одбор.

Одделенските раководители ке ги запознаат Родителите со извештајот на родителски состаноци.

Програмата ја изработи стручен тим (комисија):

1. Нанчовска Елизабета – Директор ______________
2. Катерина Ивановска - одделенски раководител ______________
3. Ангелина Лабачевска – одделенски раководител ______________

Директор
Елизабета Нанчовска
______________

**15.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Програмите за изведување на екскурзии во трето,шесто и деветто одделение во учебната 2024/2025 година во ООУ ,,Мите Богоевски'' – Ресен.

Се објавува Заклучок по Програмите за изведување на екскурзии во трето, шесто и деветто одделение во учебната 2024/2025 година во ООУ ,,Мите Богоевски'' – Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 28.03.2025 година.

Бр.09-935/15
01.04.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 ,11/2015 и 10/2021) а во врска со член 7 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година, Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 28.03.2025 година, откако ги разгледа Програмите за изведување на екскурзии во трето, шесто и деветто одделение во учебната 2024/2025 година во ООУ ,,Мите Богоевски” – Ресен, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојуваат Програмите за изведување на екскурзии во трето, шесто и деветто одделение во учебната 2024/2025 година во ООУ–,,Мите Богоевски” - Ресен заведен заведен под арх.бр.01-39/1 од 14.02.2025 год.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-834/19
28.03.2025 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
МИТЕ БОГОЕВСКИ
Бр 01-39/1
14-02 20 25 год.
РЕСЕН

ООУ„ Мите Богоевски “ - Ресен

# ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈА

Ресен,Февруари , 2025 година

## УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ

# Програма за изведување на еднодневна научна екскурзија во трето одделение во учебната 2024/2025 година

Врз основа на Годишната програма за 2024/25 година на ОУ„Мите Богоевски "-Ресен, и во согласност со новиот правилник за изведување на екскурзии бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 година изработен од Министерството за образование, врз основа на член 42 став (2) од Законот за основно образование, Стручниот тим за екскурзии, формиран од Училишниот одбор на училиштето, а врз основа на член 6 од споменатиот правилник за екскурзии, ја изработи следнава Програма за изведување на екскурзии во трето одделение.

Со наставно- научната екскурзија ќе бидат опфатени учениците од III одделение, од деветгодишното основно образование.

**Воспитно - образовни цели:**

Цел на изведувањето на екскурзијата за трето одделение во учебната 2024 - 2025 година е да се реализираат посети и други активности од обласа на културата, туризмот кои претставуваат посебна форма на воспитно-образовна работа со која на организиран начин се прошируваат општите знаења на учениците и се запознаваат со природните убавинии културно- историските знаменитости во поблиската и пошироката заедница.

Во согласност со правилникот за изведување на екскурзии ќе опфаќа активности за постигање на интегрирани цели од повеќе наставни програми што се од интерес на наставата, проектните активности и слободните часови на училиштето како и за запознавање на културните и естетски вредности во Република Северна Македонија.

**Цели на екскурзијата:**

- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во југо-западните краеви на Република Северна Македонија;
- Посети на локалитети и објекти од културно,историско и друго значење
- Градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности.
- Разгледување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот

- Развивање интерес кон природата и градење еколошки навики
- Социјализација, колективна заштита и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

## Планирање,програмирање и услови за организација и изведување на екскурзијата

-Еднодневна научна екскурзија

**Содржини и активности:**

- Посета на културно – историски објекти ( Хераклеа,Природно научен музеј-Битола, Спомен собата на Мустафа Кемал Ататурк, Историски музеј-Битола ,)
- Рекреација при разгледување зоолошката градина -Битола
- Забавно – рекреативни активности во текот на изведувањето на екскурзијата (меѓусебно дружење, песна и музика и сл.-подобрувањето на меѓуетничката комуникација и надминување на етничките, културолошките и јазичните пречки. Развивање и јакнење на чувство за почит и толеранција кај различните етнички заедници кои живеат во нашата република (македонци, турци , роми, срби ,албанци).
- Образовно-научни содржини( информативни предавања од страна на туристичките водичи и наставниците при посетата на сите погоре наведени локалитети)
- **ПРЕДЛОГ –** Според член 14 од Правилникот за изведување на екскурзии, „**Училиштето може да предложи и друга локација за екскурзија со аргументирано образложение за изборот на локацијата**". Според тоа го предлагаме следново дополнување на екскурзијата: Со оглед на тоа што во нашата околина нема железничка станица, а со цел да им се овозможи на учениците да ја разгледаат железничката станица во Битола, што е и во склоп на наставната програма и истовремено да им се овозможи да патуваат со воз, предлагаме со учениците да ја посетиме железничката станица во Битола и да патуваме со воз на релација Битола-Прилеп каде од железничката станица во Прилеп ќе го продолжиме патувањето за назад до Ресен со истиот автобус со кој го започнавме патувањето.

**Раководителот, наставниците и учениците**

- За раководител на екскурзијата е назначена Ѓултен Максуд G. Maksud
- Број на ученици кои се пријавиле за одење на екскурзија - 60
- Екскурзијата се организира за учениците од 3- одд.

**Времетраење на ученичката екскурзијата**

- Еднодневна научна екскурзија. (Се планира за месец Април 2025 година)

**Локации за посета и правци на патување**

Тргнување во утринските часови од Ресен – Битола- Прилеп - Ресен

**Техничка Организација**

- Техничката организација ќе се изведува во согласност со членовите 12,13,14,15,17,18,19,20,21,22,23,24,25,26,27 од важечкиот Правилник за организирање и изведување на ученички екскурзии.

**Начин на финансирање**

- Екскурзијата ќе ја финансираат учениците со исплаќање на две рати и тоа првата рата пред, а втората после изведувањето на екскурзијата (паричните средства ќе се исплаќаат директно на жиро сметка на агенцијата од страна на родителите - старателите)

- Број на ученици – 60

**Извештај за реализацијата на екскурзиите и другите слободни активности**

Член 28

Непосредно по реализирањето на екскурзиите и најдоцна во рок од три дена стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

Извештајот го разгледуваат Наставничкиот совет и Советот на родителите, а го усвојува Училишниот одбор.

Извештајот станува составен дел на Годишниот извештај за работа на училиштето.

Оделенските раководители ги запознаваат родителите со извештајот на родителски состаноци.

Доколку при разгледувањето на извештајот за реализација на екскурзијата и другите слободни активности се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договорените обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината.

**Директор:**
**Ајфер Апигора**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
МИТЕ БОГОЕВСКИ
Бр. 01-3912
14.02. 2025 год.
РЕСЕН

# ООУ “МИТЕ БОГОЕВСКИ” - РЕСЕН

# *ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД VI ОДД.*

**Учебна 2024 / 2025 год.**

**Ресен,2024год.**

**ДВОДНЕВНА НАСТАВНО – НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИ ОД VI ОДД.**

**Врз основ на член 42 од Законот за основно образование Сл.Весник на РСМ 161/2019 и Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година донесен од Министерот за образование и наука** врз основа на Годишната програма за работа на ООУ "Мите Богоевски" - Ресен за учебната 2024/2025, Стручниот тим за подготовка на Програмата за екскурзии и други слободни ученички активности изготвија:

# ПРОГРАМА

## за наставно-научна екскурзија за учениците од VI одделение на деветгодишно основно образование

ООУ "Мите Богоевски" - Ресен, со учениците од VI одделение на деветгодишно основно образование во учебната 2024 / 2025 година планира да изведе дводневна екскурзија (со едно ноќевање) низ Република Северна Македонија во **мај / јуни 2025 година**.

## ПОДАТОЦИ ЗА ЕКСКУРЗИЈАТА

### ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

Реализацијата на оваа наставна екскурзија има општ воспитно-образовен карактер и е со цел повторување и утврдување на веќе стекнати знаења. Учениците со систематизираните и усвоените знаења за минатото и сегашноста, ќе придонесат во изградување на вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, како и кон другите народи и држави, продлабочување интерес за понатамошно изучување на историските настани и процеси и почитување и вреднување на културното наследство.

## 1. ЦЕЛ НА ЕКСКУРЗИЈАТА

**Во согласност со воспитно-образовната работа на ООУ "Мите Богоевски" - Ресен**

- Совладување и проширување на знаењата на учениците
- Примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите како и односите во природаната и општествена средина
- Запознавање со културно-историските знаменитости
- Поттикнување развој на самостојност кај учениците, социјализација и колективна заштита
- Почитување на традицијата и културното наследство на својата заедница и другите заедници во родниот крај
- Стекнатите знаења во училница да се применат во конкретни ситуации на терен преку интерактивни активности
- Развивање на еколошки навики
- Поттикнување на позитивни чувства( успешност, самосвест, позитивен однос кон стекнување на знаења,трајност на стекнати знаења)
- Едукација, другарувања, рекреација, спортски активности

## ВОСПИТНИ ЦЕЛИ

- Почитување на културните традиции и културното наследство
- Почитување на знаења и искуства на возрасните
- Воспоставување, развивање и негување на пријателство
- Почитување и љубов кон природата и нејзиното наследство
- Љубов кон татковината

## 2. ЗАДАЧИ

**Екскурзијата треба да обезбеди**:

- Изучување и истражување на објекти и појави во појавите во природата како и односите во општествниот живот развивање интерес за природата и градање на еколошки навики
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделени караеви
- Почитување и вреднување на националното културно наследство
- Градење чувство на патриотизам, толеранција и соживот
- Развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности
- Поттикнување и манифестирање на позитивните емоции
- Социјализација, колективната заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

## 3. СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ

- Утврдување, проширување, систематизирање и практично применување на сознанијата за убавините на нашата татковина.
- Посета на спомениците, археолошки локалитети и музеите-сведоци за историјата и за минатото.
- Набљудување и истражување на убавините на родниот крај.
- Запознавање со културните традиции и културното наследство на мојата татковина.

**ОБРАЗОВНИ**

- Посета на културно – историски објекти (,,Приодно научен музеј, Бигорски манастир ,,Св. Јован Крстирел“, Бегова куќа, Саат кула, Арабати Баба Теќе - Тетово, Тетовско кале, Стара чаршија, спомен куќа на Мајка Тереза, ЗОО, Споменикот Македониум)
- Рекреација при разгледување на природни знаменитости и локалитети (Хидроцентрала Шпиље, Кањонот на Радика, изворот на реката Вардар ,,Вруток“, Велешко езеро)
- Забавно – рекреативни активности во текот на изведувањето на екскурзијата (меѓусебно дружење, песна и музика и сл.)
- Образовно - научни содржини (информативни предавања од страна на туристичките водичи и наставниците при посетата на сите погоре наведени локалитети)
- Запознавање , почитување, вреднување и заштита на културното наследство на својот народ и другите народи.
- Развивање на чуство за заштита, негување и одржување на природните богатства и убавини на нашата земја.

**ВОСПИТНИ**

- Развивање љубов кон татковината и нејзините вредности; развивање љубов кон изучување на историјата и културно историското наследство;
- Поттикнување и исполнување на позитивни и емоционални доживувања; социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе;
- Градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;
- Изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општественит живот;

- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето од различни краеви на РСМ;
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности ;
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
- Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуства за осамостојување и грижа за себе;
- Развивање на интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;

## НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ

**Раководителот, наставниците и учениците**

За раководител на екскурзијата ќе биде назначен **Владо Масалковски** одделенски раководител на VI-б одд.

Наставници кои учествуваат во екскурзијата:

**Силвие Ивановска** – одделенски раководител на VI-а одделение,

**Владо Масалковски** – одделенски раководител на VI-б одделение,

**Ертан Шабединовски** – одделенски раководител на VI-в одделение.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ**

Наставно-научната екскурзија со воспитно-образовен карактер за учениците од VI одделение на деветгодишно основно образование, ќе се реализира во времетраење од два дена.

**ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ**

| **Прв ден** |
| --- |
| ❖ Тргнување во утринските часови од Ресен преку Охрид-Струга, панорамско разгледување на градот Охрид,(посета на ХЕЦ Шпиље, Наколно живеалиште ,,град на вода“, Аеродром Охрид, Кањонот на Радика, Бигорски манастир ,,Св.Јован Крстител“).<br>❖ **Ручек** - попатно во некои од рестораните во договор со избраната агенција.<br>❖ Продолжување на патувањето за Гостивар (посета на Бегова куќа, Саат кула, изворот на реката Вардар ,,Вруток“), Тетово (посета на Шарена џамија, Арабати Баба Теќе)<br>❖ Пристигнување во Скопје. **Вечера и ноќевање** |
| **Втор ден** |
| ❖ **Појадок**<br>❖ Посета на Старата чаршија во Скопје, Спомен куќата на Мајка Тереза,Џамијата Мустафа Паша и ЗОО**)**.<br>❖ **Ручек**.<br>❖ Посета на Археолошки локалитет Тумба Маџари.<br>❖ Продолжување на патувањето за Крушево.Посета на спомен куќа на Тоше Проевски, споменик Македониум.<br>❖ Пристигнување во Ресен во вечерните часови. |

**Напомена: Доколку туристичките агенции понудат подобар и побогат план за посета, кои ќе се во согласност со правилникот за екскурзии и остварување на целите, дадениот план може да се промени.**

**СМЕСТУВАЊЕ**

Изборот на хотели ќе биде направен во соработка со туристичките агенции понудувачи.Изборот на хотели ќе треба да ги задоволува следните стандарди:

- Објектите да ги имаат сите потребни стандарди кои се неопходни во однос на намената на објектот.
- Хотелот да располага со доволен број на соби ( двокреветни и трокреветни ) за да се сместат учениците, да содржи добро организиран простор за одржување на личната хигиена.
- Хигиената во објектот, кујната, трпезаријата и другите простории во хотелот да се одржува на високо ниво.
- Вечерниот културно забавен живот на учениците исто така ќе се реализира во објектот кој нуди услови и простор за тоа.

Екскурзиите и другите слободни активности ќе бидат реализирани во согласност со Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта.Избраната агенција треба да има:

- Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси со потребен број на седишта, туристички водич, лекар.
- Агенцијата да е регистрирана согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија за вршење на соодветна туристичка дејност.
- Да има успешно реализирани екскурзии / излети најмалку три години по ред.
- Да ги исполнува условите за превоз на деца, согласно законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца.

На барањето за понуди училиштето ги наведува сите содржини кои треба да се реализираат како и условите за изведување на екскурзиите согласно програмата од член 6 став 1 од Правилникот за ученички екскурзии.

За безбедноста на учениците, покрај класните раководители на одделенијата, ќе се грижи и вработен од агенцијата за обезбедување од нашето училиште.

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА**

Техничката организација ќе се изведува во согласност со членовите 17,18,19,21,22,23,24,25,26,27 од важечкиот **Правилник за начинот на изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта**

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**

Екскурзијата ќе ја финансираат учениците со исплаќање на две рати и тоа првата рата пред, а втората после изведувањето на екскурзијата (паричните средства ќе се исплаќаат директно на жиро сметка на агенцијата од страна на родителите - старателите)

Број на ученици (ќе се прецизира во договорот - околу 70 ученици).

**Стручен тим за подготовка на**

**Програмата за наставно - научна екскурзија за учениците**

**од VI одделение од деветгодишно основно образование**

**Директор ,**

**Ајфер Аџигора**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
МИТЕ БОГОЕВСКИ
Бр. 01-39/3
14.02. 2025 год.
РЕСЕН

# ООУ „Мите Богоевски“ - Ресен

## ***ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈА***

**(9$^{то}$ одделение)**

Ресен, Февруари, 2025 година

## *УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ*

## Програма за изведување на тридневна екскурзија во деветто одделение во учебната 2024 / 2025 година

Врз основа на Годишната програма за 2024 / 2025 година на ООУ„Мите Богоевски“ Ресен, и во согласност со **Правилникот за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта**, бр 12-13487/1 од 19.11.2019 година изработен од *Министерството за образование и наука*, врз основа на член 42 став 2 од *Законот за основно образование*, Стручниот тим за екскурзии, формиран од Училишниот одбор на училиштето, а врз основа на член 6 став 2 од споменатиот правилник за екскурзии, ја изработи следнава ***Програма за изведување на екскурзии во деветто одделение***.

Со наставно - воспитната ексурзија ќе бидат опфатени учениците од IXа, IXб и IXв одделение.

### Воспитно - образовни цели:

- Да се прошират и продлабочат знаењата на учениците од одделни воспитно образовни подрачја и наставни предмети;
- Постигнување на други воспитни, образовни и рекреативни цели;
- Примена на вештини и ставови преку запознавање на појавите, културно - историски знаменитости, научни институции, индустриски и земјоделски капацитети и други објекти од општествената средина кои што се во согласност со воспитно - образовната работа на училиштето.

### Задачи:

- Истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
- Градење чувство за припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот;
- Посети на локалитети и објекти од културно, историско и друго значење;
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и на граѓаните кои припаѓаат на другите народи кои живеат во државата; Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
- Запознавање на учениците со културата на различните етнички заедници што живеат во нашата држава (преку изборот на културно-историските објекти што ќе ги посетуваат), за примена на меѓуетничка интеграција во образованието
- Дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе;
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење

## Планирање, програмирање и услови за организација и изведување на екскурзијата

### Содржини и активности:

- Посета на културно – историски објекти (Манастир Св. Георгиј Победоносец-Рајчица, Бигорски Манастир Св. Јован Крстител, Шарена Џамија, Арабати Баба Теќе, Скопско кале, Стара чаршија, Музеј на М.Р.Б, Музеј на градот Штип, Манастир Водоча).

- Рекреација при разгледување на природни знаменитости и локалитети (Охридско езеро, Црн Дрим, Дебарско езеро, ХЕЦ Глобочица и ХЕЦ Шпиље, Мавровско езеро, Вруток, Баргала и Исар, Колешински Водопади, Дојранско Езеро, ХЕЦ Тиквеш)
- Забавно – рекреативни активности во текот на изведувањето на екскурзијата (меѓусебно дружење, песна, музика и сл.)
- Образовно - воспитни содржини (информативни предавања од страна на туристичките водичи и наставниците при посетата на сите погоре наведени локалитети).

## Раководителот, наставниците и учениците:

- За раководител на екскурзијата ќе биде назначен **Елена Рабаџиевска** - одделенски раководител на 9то-Б одд.
- Наставници кои учествуваат во екскурзијата:
  **Марија Андреевска Гошаревска** - одделенски раководител на 9а одделение,
  **Елена Рабаџиевска** - одделенски раководител на 9б одделение и
  **Енѓул Хајдар** - одделенски раководител на 9в одделение.
- Екскурзијата се организира за учениците од 9а, 9б и 9в одд.

## Времетраење на ученичката екскурзијата:

- Тридневна наставно-научна екскурзија со две ноќевања. (Се планира за месец мај 2025 година)

(1) **Прв ден:** Панорамска посета на Охрид, Струга; посета ХЕЦ Глобочица или ХЕЦ Шпиље; посета на Манастир Св. Георгиј Победоносец-Рајчица; посета на Бигорски Манастир Св. Јован Крстител; се продолжува кон Маврово; **Ручек;** продолжување на патувањето и посета на Вруток *изворот на Вардар*; панорамска посета на Гостивар, се продолжува кон Тетово, посета на Шарена Џамија и Арабати Баба Теќе; се продолжува за Скопје сместување во Хотел (Вечера и Ноќевање);

(2) **Втор ден:** Доручек во Хотел; посета на Скопско кале; посета на Стара чаршија, посета на Музеј на М.Р.Б; продолжување на патување кон Штип, Музеј на градот Штип, Археолошки локалитет Баргала и Исар; **Ручек;** продолжување на патувањето панорамско разгледување на Радовиш, продолжување на патувањето кон Струмица, разгледување на градот, сместување во Хотел (Вечера и Ноќевање);

(3) **Трет ден:** Доручек во Хотел; посета на Манастир Водоча, Колешински Водопади; продолжување на патувањето за Дојран и Дојранско Езеро; **Ручек;** Се враќаме за РЕСЕН преку Демир Капија, Панорамска посета на Кавадарци, посета на ХЕЦ Тиквеш; пристигнување во Ресен во доцните вечерни часови.

## Техничка организација

Техничката организација ќе се изведува во согласност со членовите 12, 13, 14, 17, 18, 19, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 од важечкиот Правилник за начинот на изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта.

## Начин на финансирање

- Екскурзијата ќе ја финансираат учениците со исплаќање на две рати и тоа првата рата пред, а втората после изведувањето на екскурзијата (паричните средства ќе се исплаќаат директно на жиро сметка на агенцијата од страна на родителите - старателите).
- Број на ученици - ќе се прецизира во договорот - (приближно 50 ученици).

**Водич на екскурзија -** **Директор – Ајфер Аџигора**

**16.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Програмите за изведување на екскурзии во трето,шесто и деветто одделение во учебната 2024/2025 година во ООУ ,,Браќа Миладиновци’’ – с.Царев Двор

Се објавува Заклучок по Програмите за изведување на екскурзии во трето,шесто и деветто одделение во учебната 2024/2025 година во ООУ ,,Браќа Миладиновци’’ – с.Царев Двор, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 28.03.2025 година.

Бр.09-935/16
01.04.2024 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 ,11/2015 и 10/2021) а во врска со член 7 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година, Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 28.03.2025 година, откако ги разгледа Програмите за изведување на екскурзии во трето, шесто и деветто одделение во учебната 2024/2025 година во, ООУ ,,Браќа Миладиновци’’ – с.Царев Двор, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојуваат Програмите за изведување на екскурзии во трето, шесто и деветто одделение во учебната 2024/2025 година во ООУ ,,Браќа Миладиновци’’ – с.Царев Двор заведен под арх.бр.09-51/1 од 10.03.2025 год.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-834/20
28.03.2025 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ
09-511/1
10.03.2025
Царев Двор Ресен

# ООУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ”

## с. Царев Двор – Ресен

# ПРОГРАМА

# ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕДНОДНЕВНА НАСТАВНО-НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА

# ЗА ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ

# УЧЕБНА 2024/2025 год.



Врз основа на годишната програма за 2024/2025 година на ООУ ,,Браќа Миладиновци" с. Царев Двор, Ресен и во согласност со новиот правилник за изведување на екскурзии бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 изработен од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија врз основа на член 42 став 2 од Законот за основното образование ( „Службен весник на Република Северна Македонија " бр.161/19 ) **Стручниот тим за екскурзии,** врз основа на член 6 став 4 од наведениот Правилник за екскурзии, ја изработи следнава:

## Програма за изведување на еднодневна екскурзија со учениците од трето одделение

### 1.Организирање на екскурзија

Училиштето организира екскурзија еднаш во учебната година во траење од еден ден за учениците од трето одделение.

### 2. Воспитно образовни цели

- Посети на локалитети и објекти од културно, историско значење;
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви на државата;
- Градење на чуство на припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот;
- Запознавање на учениците со културата на различни етнички заедници што живеат во нашата држава (преку изборот на културно-историски објекти што ќе се посетуваат) за примена на меѓуетничка интеграција во образованието;
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и на граѓаните кои припаѓаат на другите народи кои живеат во државата;
- Дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- Развивање на културни навики на однесување при посета на културно-историски,верски објекти и слично;
- Развивање на интерес за создавање навики за здраво општествено живеење.

**3. Содржина на активности**

Еднодневна екскурзија во Крушево со посета на Спомен куќата на Тодор Проески,споменик„Македониум“,споменик„Мечкин Камен“,галерија на Никола Мартиновски и црквата Св.Никола.
- Со посета на Спомен куќата на Тодор Проески,учениците се запознаваат со животот и делото на нашата музичка ѕвезда;
- Со посета на спомениците „Македониум“ и „Мечкин Камен“се развива интерес за објекти од културно и историско значење,покажување на почит кон ликови и настани од нашето историско минато;
-Со посета на галеријата на Никола Мартиновски,учениците се запознаваат со ликовните творби и талентот на овој уметник;
- Со посета на црквата, учениците се запознаваат со културата и обичаите на православието и примена на меѓуетничката интеграција во образованието;

**4. Одговорни наставници и ученици:**

Наставници кои се вклучени во екскурзијата се:Магдалена Касовска,Дивна Поповска,Благуна Тасевска и Озлем Хустрефовска и ученици од трето одделение од ООУ„Браќа Миладиновци“ с.Царев Двор,од ПУ с.Дрмени и ПУ с.Стење.
Екскурзијата ќе се изведува со учениците од македонските и турските паралелки.
Вкупен број на ученици: 7 ученици.

**5. Времетрање:**

Еднодневна екскурзија — Мај 2025 - поаѓање во 08 часот, враќање во попладневните часови.

**6. Локации за посета и правци на патување:**

Правци на патување: с. Царев Двор - Крушево - с. Царев Двор
Локации за посета: Тргнување во 8 часот од с. Царев Двор
- посета на Спомен куќата на Тодор Проески,
- споменик„Македониум“,
- споменик„Мечкин Камен“,
- галерија на Никола Мартиновски,
- црквата Св.Никола.

Враќање во попладневните часови.

**7. Техничка организација**

Екскурзијата ќе биде изведена со туристичка агенција која ќе биде избрана согласно Правилникот за начинот на изведување на училишни екскурзии согласно член 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27.

**8. Начин на финансирање:**

Средствата за екскурзијата ги обезбедуваат родителите на учениците.

Екскурзијата ќе ја финансираат родителите на учениците со исплаќање во готово (паричните средства ќе се исплаќаат директно на жиро сметка на агенцијата од страна на родителите (старателите)).

Бројот на учениците ќе се утврди во договорот.

**Извештај за реализација на ексурзијата:**

Согласно Правилникот за начинот на изведување на училишни екскурзии член 28 став 2 после изведената екскурзија, а најдоцна во рок од три дена, од стручниот тим ќе биде подготвен извештај со оценка за реализацијата, кој ќе биде даден на разгледување до Наставничкоит совет и Советот на родители и даден на усвојување до Училишниот одбор.

**Активности по изведената екскурзија:**

| |
|---|
| Учениците,на редовните часови и вонnаставните активности, преку разговор и други форми на изразување,(пишување есеи, писмени составе, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.), ќе се искажат за доживувањата од екскурзијата и ќе илустрираат свои впечатоци . |

**Одговорен наставник:**

**Магдалена Касовска**

**Директор**

**Јасмина Волкановски**

Архивски број

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ
Бр. 09-521/1
10.03 2025 год.
Царев Двор Ресен

ООУ„Браќа Миладиновци“ Царев Двор, Ресен



**Програма за изведување на дводневна**

**екскурзија со ученици од 6 (шесто) одделение во учебната**

**2024/25 година**

**Царев Двор, Февруари 2025 год.**

**ПРОГРАМА**

**Екскурзија со ученици од 6-то одд. 2025 г.**

Врз основа на Годишната програма за 2024/2025 година на ООУ „Браќа Миладиновци" Царев Двор, Ресен и во согласност правилникот за изведување на екскурзии и излети бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година изработен од Министерството за образование и наука, врз основа на член 42 став 2 од Законот за основно образование, Стручниот тим за екскурзии и излети формиран од Училишниот одбор на училиштето, а врз основа на член 6 став 1 од споменатиот правилник за екскурзии и излети, ја изработи следнава Програма за изведување екскурзија на учениците од VI одделение.

Согласно член 3 и член 4 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии, излети и другите слободни активности на учениците од основните училишта, излетот ги опфаќа следните цели и задачи:

**1.Воспитно-образовни цели**

Совладување и проширување на знаењата,примена на вештини ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природата и општествената средина, културно историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети, во согласност со воспитно образовната работа на училиштето.

**2. Задачи**

- изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- релизирање на средби со луѓето во одделни краеви за запознавање со културата и начинот на живеење
- градење чувство на патриотизам,толеранција и соживот;
- развивање позитивен однос кон националните,културните и естетските вредности;
- потикнување иманифестирање на позитивни емоции;
- социјализација ,колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе.
- развивање на спортски активности, рекреација за создавање навики за здраво живеење.

**3. Содржини и активности**

- Посета на културно историски објекти –Стоби
- Разгледување на капацитети –Хец-Тиквеш
- Посета и разгледување на Вардарски рид, Колешински водопади, Скопско кале, Црква Св.Спас, Музеј на македонска борба, Спомен куќа на Мајка Тереза
- посета на Манастир Св.„Леонтиј" Водоча
- Образовно научни содржини – Предавање од страна на туристички водичи и наставниците при посета на локалитети.

- Запознавање со природните карактеристики на Република Македонија – котлини и планини во Повардарие и Источна Македонија, текот на река Вардар и климата во Повардарие и Источна Македонија
- Посета и разгледување на селски и градски населби во источна Македонија, запознавање со културноисториски споменици и знаменитости
- Запознавање со стопански дејности со кои што се занивавaат лугето од Повардарие и Источна Македонија

## 3. Раководител, наставници, ученици

Дводневна екскурзија се организира со учениците од 6-то одделение од ООУ „Браќа Миладиновци“ Царев Двор, Ресен.
Раководител на екскурзијата е назначен Цара Сековска, одделенски раководител на 6-to одд.
Раководител Цара Сековска ________________ (потпис)
Наставници присутни на екскурзијата :
1.Јасмина Волкановски – Директор ____________
2.Аница Соколевска – Класен раководител ____________
3. Цара Сековска – Класен раководител ____________
4.Жанета Савевска - Класен раководител ____________

## 4. Времетраење

Времетраење на ученичката екскурзија - дводневна екскурзија со едно ноќевање. Екскурзијата е планирано да се организира во месец Мај-Јуни.

## 5. Локација за посети и правци на патување

**Прв ден**- Тргнување во 8,00 часот од Ресен преку Битола, се продолжува за Кавадарци со попатна посета на Стоби и ХЕЦ Тиквеш. Потоа се продолжува преку вардарски рид за Гевгелија, каде ќе има ручек. По ручекот се продолжува за Струмица со посета на Колешински водопади и манастирски комплекс Св.Леонтиј – Водоча. Вечера и ноќевање во Струмица.

**Втор ден**-Појадок и тргнување за Скопје со посета на Скопско Кале, Св.Спас, Музеј на македонска борба, Спомен куќа на Мајка Тереза. Ручек, враќање преку Велес, Прилеп, Битола пристигнување во Ресен во вечерните часови.

## 6. Техничка организација

Техничката организација се изведува во согласност со членовите 17,18,19,21,22,23,24,25,26,27 од важечкиот Правилник за организација и изведување на ученички екскурзии.

## 7. Начин на финансирање-

Екскурзијата ќе ја финансираат учениците со исплаќање на две рати и тоа првата рата пред, а втората после изведувањето на екскурзијата (паричните срдства ке се исплаќаат директно на жиро сметка на агенцијата од страна на родителите).

## 8. Извештај за реализација на екскурзијата

Согласно член 28 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии најдоцна во рок од три дена стручниот тим ке поднесе извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

Извештајот ќе биде разгледан на Наставнички совет и Советот на родители, а ќе биде усвоен од Училишниот одбор.

Одделенските раководители ке ги запознаат Родителите со извештајот на родителски состаноци.

Програмата ја изработи стручен тим (комисија):

1.Јасмина Волкановски – Директор ____________
2.Аница Соколевска – Класен раководител ____________
3. Цара Сековска – Класен раководител ____________
4.Жанета Савевска - Класен раководител ____________

Директор:
Јасмина Волкановски
____________

Печат и потпис

**Архивски број**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ
Бр. 09-531/1
10.03. 20 25 год.
Царев Двор Ресен

## ООУ„Браќа Миладиновци“ Царев Двор, Ресен



# Програма за изведување на тродневна екскурзија со ученици од 9 (деветто) одделение во учебната 2024/25 година

**Царев Двор, Февруари 2025 год.**

**ПРОГРАМА**

**Екскурзија со ученици од 9-то одд. 2025 год.**

Врз основа на Годишната програма за 2024/2025 година на ООУ „Браќа Миладиновци“ Царев Двор, Ресен и во согласност со правилникот за изведување на екскурзии и излети бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година изработен од Министерството за образование и наука, врз основа на член 42 став 2 од Законот за основно образование, Стручниот тим за екскурзи и излети формиран од Училишниот одбор на училиштето, а врз основа на член 6 став 1 од споменатиот правилник за екскурзии и излети, ја изработи следнава Програма за изведување екскурзија на учениците од IX одделение

Согласно член 3 и член 4 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии, излети и другите слободни активности на учениците од основните училишта, излетот ги опфаќа следните цели и задачи:

## 1.Воспитно-образовни цели

Совладување и проширување на знаењата, примена на вештини ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природата и општествената средина, културно историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети, во согласност со воспитно образовната работа на училиштето.

## 2. Задачи

-изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во
општествениот живот;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- релизирање на средби со луѓето во одделни краеви за запознавање со културата и начинот на живеење
- градење чувство на патриотизам,толеранција и соживот;
- развивање позитивен однос кон националните,културните и естетските вредности;
- потикнување иманифестирање на позитивни емоции;
- социјализација ,колективна заштита и стекнување на искуство за

осамостојување и грижа за себе.
- развивање на спортски активности, рекреација за создавање навики за здраво живеење.

**3. Содржини и активности**

- Културно историските објекти во Република Македонија – Стоби
- Капацитет на Хец-Тиквеш
- Посета и разгледување на Вардарски рид, Колешински водопади, Виничко кале, Лесновски Манастир, Природно научен музеј, ЗОО, Аеродром Скопје, Музеј на град Штип, Баргала, Исар
- посета на Манастир Св.„Леонтиј" Водоча
- Образовно научни содржини – Предавање од страна на туристички водичи и наставниците при посета на локалитети.

- Запознавање со природните карактеристики на Република Македонија – котлини и планини во Повардарие и Источна Македонија, текот на река Вардар и климата во Повардарие и Источна Македонија
- Посета и разгледување на селски и градски населби во источна Македонија, запознавање со културноисториски споменици и знаменитости
- Запознавање со стопански дејности со кои што се занивавaат лугето од Повардарие и Источна Македонија

**3. Раководител, наставници, ученици**

Три дневна екскурзија се организира со учениците од 9 (завршно) одделение од ООУ„Браќа Миладиновци" Царев Двор, Ресен .
Раководител на екскурзијата е назначена Аница Соколевска, одделенски раководител на IX одд.
Раководител на екскурзијата: Жанета Савевска одд.раководител на 9-то ____________потпис
Други наставници вклучени во екскурзијата:
1.Јасмина Волкановски – Директор ________
2.Цара Сековска – Класен раководител ________
3.Жанета Савевска - Класен раководител ________
4.Аница Соколевска – Класен раководител ________

**4. Времетраење**

Времетраење на ученичката екскурзија – Тридневна екскурзија со две ноќевања. Екскурзијата е планирано да се организира во месец Мај-Јуни.

## 5. Локација за посети и правци на патување

**Прв ден**- Тргнување во 8,00 часот од Ресен преку Битола, се продолжува за Кавадарци со посета на ХЕЦ Тиквеш и Стоби. Се продолжува за Гевгелија преку Вардарски рид, ручек во Гевгелија. После ручекот се продолжува за Струмица, со посета на Колешински водопади и Водоча. Вечера и ноќевање во Струмица.

**Втор ден** - Појадок и тргнување од Струмица во утринските часови, продолжување на патувањето за Штип со посета на Музеј на град Штип, Баргала, Исар. Ручек во Штип, па продолжување према Пробиштип, со посета на Лесновскиот Манастир. Се продолжува за Кочани и Виница со посета на Виничко кале и Музејот на Теракота, вечера во Виница и ноќевање.

**Трет ден**- Појадок во Виница, продолжување према Скопје , посети на природно-научниот музеј, ЗОО, Аеродром. Ручек и враќање преку Велес, Прилеп, Битола пристигнување во Ресен во вечерните часови.

## 6. Техничка организација

Техничката организација се изведува во согласност со членовите 17,18,19,21,22,23,24,25,26,27 од важечкиот правилник за организација и изведување на ученички екскурзии.

## 7. Начин на финансирање-

Екскурзијата ќе ја финансираат учениците со исплаќање на две рати и тоа првата рата пред, а втората после изведувањето на екскурзијата (паричните средства ќе се исплаќаат директно на жиро сметка на агенцијата од страна на родителите).

## 8. Извештај за реализација на екскурзијата

Согласно член 28 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии најдоцна во рок од три дена стручниот тим ке поднесе извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

Извештајот ќе биде разгледан на Наставнички совет и Советот на родители, а ќе биде усвоен од Училишниот одбор.

Одделенските раководители ке ги запознаат Родителите со извештајот на родителски состаноци.
Програмата ја изработи стручен тим (комисија):

1.Јасмина Волкановски – Директор ____________
2.Аница Соколевска – Класен раководител ________
3.Цара Сековска – Класен раководител ________
4.Жанета Савевска - Класен раководител ________

Директор:
Јасмина Волкановски

________________

**17.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Програми за изведување на екскурзии во трето, шесто и деветто одделение во учебната 2024/2025 година во ООУ ,,Димитар Влахов – с.Љубојно

Се објавува Заклучок по Програми за изведување на екскурзии во трето, шесто и деветто одделение во учебната 2024/2025 година во ООУ ,,Димитар Влахов – с.Љубојно, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 28.03.2025 година.

Бр.09-935/17
01.04.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 ,11/2015 и 10/2021) а во врска со член 7 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година, Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 28.03.2025 година, откако ги разгледа Програмите за изведување на екскурзии во трето, шесто и деветто одделение во учебната 2024/2025 година во, ООУ ,,Димитар Влахов – с.Љубојно, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојуваат Програмите за изведување на екскурзии во трето, шесто и деветто одделение во учебната 2024/2025 година во ООУ ,,Димитар Влахов – с.Љубојно заведен под арх.бр.09-26/2 од 17.03.2025 год.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-834/21
28.03.2025 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
ДИМИТАР ВЛАХОВ
Бр. 09 – 26/2
17 03 2025 год.
с.Љубојно,Ресен

ООУ„ Димитар Влахов“
с.Љубојно-Ресен

# ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈА
## со учениците од трето одделение

***февруари 2025 година***

## *УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ*

### ***Програма за изведување на еднодневна екскурзија во трето одделение во учебната 2024/2025 година***

Врз основа на Годишната програма за 2024/2025 година на ООУ„Димитар Влахов " с.Љубојно - Ресен, и во согласност со Правилникот за изведување на екскурзии бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 изработен од Министерството за образование, врз основа на член 42 став (2) од Законот за основно образование, Стручниот тим за екскурзии, формиран од Училишниот одбор на училиштето, а врз основа на член 6 од споменатиот правилник за екскурзии, ја изработи следнава Програма за изведување на екскурзии во трето одделение.

Со наставно- научната екскурзија ќе бидат опфатени учениците од III одделение.

### ***Воспитно - образовни цели:***

- да се прошират и продлабочување на одредени знаења од одделни воспитно- образовни подрачја и наставни предмети;
- примена на вештини и ставови преку запознавање на појавите, културно - историски знаменитости, научни институции, индустриски и земјоделски капацитети и други објекти од општествената средина кои што се во согласност со воспитно- образовната работа на училиштето.
- рекреативен карактер
- стекнување на нови пријателства
- директно/непосредно запознавање на учениците со објекти од локалната средина
- согледување на влијанието на човекот врз природата и објектите
- развивање на способности за набљудување, запазување и воочување на природни и општествени предмети, облици, појави и процеси
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење

### ***Целите на екскурзијата се остваруваат преку:***

- истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;
- посети на локалитети и објекти од културно историско и друго значење;
- развивање интерес за природата и градење на еколошки навики;
- градење на чувство на припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот;
- запознавање на учениците со културата на различните етички заедници што живеат во нашата држава( преку изборот на културно- историски објекти што ќе се посетуваат), за примена на меѓуетничка интеграција во образованието;
- развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и граѓаните кои припаѓаат на другите народи кои живеат во државата;

- дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување искуствоза осамостојување и грижа за себе и
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење.

## *Содржини и активности:*

- Посета на културно – историски објекти (Манастир „Свети Наум Охридски)
- Рекреација при разгледување на природни знаменитости и локалитети ( наколно живеалиште град на вода, Хидробиолошки завод, Биљанини извори )
- Забавно – рекреативни активности во текот на изведувањето на екскурзијата (меѓусебно дружење, песна и музика и сл.)
- Образовно-научни содржини (информативни предавања од страна на туристичките водичи и наставниците при посетата на сите погоре наведени локалитети).

## *Раководителот, наставниците и учениците*

- За раководител на екскурзијата е назначен Бесим Бесими -како одделенски раководител на 3то - одд.
- Број на ученици кои се пријавиле за одење на екскурзија - 4
- Екскурзијата се организира за учениците од 3 одд.

## *Времетраење на ученичката екскурзијата*

- Еднодневна екскурзија . (Се планира за месец мај/јуни)

## *Локации за посета и правци на патување*

- Тргнување во утринските часови од с. Љубојно преку Ресен, потоа продолжување на патувањето кон Охрид и посета на наколното живеалиште - град на вода потоа посета на Црквата „Свети Наум Охридски“ -Ручек -Посета на Хидробиолошки завод и Биљанини извори. Потоа враќање од Охрид и пристигнување во Љубојно во попладневните часови.

## *Техничка Организација*

- Техничката организација ќе се изведува во согласност со членовите 17,18,19,21,22,23,24,25,26,27 од важечкиот Правилник за организирање и изведување на ученички екскурзии.

## *Начин на финансирање*

- Екскурзијата ќе ја финансираат родителите/старателите на учениците .

- Број на ученици – 4

## *Извештај за реализацијата на екскурзиите и другите слободни активности*

Член 28

Непосредно по реализирањето на екскурзиите и другите слободни активности, а најдоцна во рок од три дена стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

Извештајот го разгледуваат Наставничкиот совет и Советот на родителите, а го усвојува Училишниот одбор.

Извештајот станува составен дел на Годишниот извештај за работа на училиштето.

Оделенските раководители ги запознаваат родителите со извештајот на родителски состаноци.

Доколку при разгледувањето на извештајот за реализација на екскурзијата и другите слободни активности се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договорените обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината.

Дата 21.02.2025 год.

Директор
Менде Темелковски

**Љубојно 2025**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
ДИМИТАР ВЛАХОВ
Бр. 09-26/3
17-03 2025 год.
с.Љубојно,Ресен

ООУ„ Димитар Влахов“
с.Љубојно-Ресен

# ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈА
## со учениците од шесто одделение

***февруари 2025 година***

# *УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ*

## ***Програма за изведување на дводневна екскурзија во шесто одделение во учебната 2024/2025 година***

Врз основа на Годишната програма за 2024/2025 година на ООУ„Димитар Влахов " с.Љубојно - Ресен, и во согласност со Правилникот за изведување на екскурзии бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 изработен од Министерството за образование, врз основа на член 42 став (2) од Законот за основно образование, Стручниот тим за екскурзии, формиран од Училишниот одбор на училиштето, а врз основа на член 6 од споменатиот правилник за екскурзии, ја изработи следнава Програма за изведување на екскурзии во шесто одделение.

Со наставно- научната екскурзија ќе бидат опфатени учениците од VI одделение.

### *Воспитно - образовни цели:*

- да се прошират и продлабочување на одредени знаења од одделни воспитно- образовни подрачја и наставни предмети;
- примена на вештини и ставови преку запознавање на појавите, културно - историски знаменитости, научни институции, индустриски и земјоделски капацитети и други објекти од општествената средина кои што се во согласност со воспитно- образовната работа на училиштето.
- рекреативен карактер
- стекнување на нови пријателства
- директно/непосредно запознавање на учениците со објекти од локалната средина
- согледување на влијанието на човекот врз природата и објектите
- развивање на способности за набљудување, запазување и воочување на природни и општествени предмети, облици, појави и процеси
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење

### *Целите на екскурзијата се остваруваат преку:*

- истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;
- посети на локалитети и објекти од културно историско и друго значење;
- развивање интерес за природата и градење на еколошки навики;
- градење на чувство на припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот;
- запознавање на учениците со културата на различните етички заедници што живеат во нашата држава (преку изборот на културно- историски објекти што ќе се посетуваат), за примена на меѓуетничка интеграција во образованието;
- развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и граѓаните кои припаѓаат на другите народи кои живеат во државата;

- дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување искуствоза осамостојување и грижа за себе и
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење.

***Содржини и активности:***

- Посета на културно – историски објекти ( Манастир Гаврил Лесновски с.Лесново Пробиштип,Манастир Успение на Пресвета Богородица-Елеуса,Манастир Свети Леонтиј- Водоча )
- Рекреација при разгледување на природни знаменитости и локалитети ( ХЕЦ Тиквеш , ТЕЦ Неготино, Колешински водопади, Дојранско езеро,Стоби)
- Забавно – рекреативни активности во текот на изведувањето на екскурзијата (меѓусебно дружење, песна и музика и сл.)
- Образовно-научни содржини( информативни предавања од страна на туристичките водичи и наставниците при посетата на сите погоре наведени локалитети)

***Раководителот, наставниците и учениците***

- За раководител на екскурзијата е назначена Дивна Темелковска -како одделенски раководител на 6то - одд.
- Број на ученици кои се пријавиле за одење на екскурзија - 2
- Екскурзијата се организира за учениците од 6то одд.

***Времетраење на ученичката екскурзијата***

- Дводневна екскурзија со едно ноќевање. (Се планира за месец мај)

***Локации за посета и правци на патување***

- **Прв ден:** Тргнување во утринските часови од с. Љубојно преку Битола , Прилеп, ,Кавадарци посета ХЕЦ Тиквеш, РУЧЕК ,Неготино посета на ТЕЦ Неготино,
- Продолжување со патувањето кон Манастир Гаврил Лесновски с.Лесново Пробиштип потоа Штип и посета на археолошки локалитет Исар. Потоа се продолжува за Струмица сместување со ноќевање и вечера (по избор на агенцијата).

- **Втор ден:** Појадок и продолжување на патувањето во Струмица посета на Колешински водопади и посета на манастирот Манастир Успение на Пресвета Богородица-Елеуса, и Манастир Свети Леонтиј- Водоча ) и ручек.
- Продолжување со патувањето во Дојран посета на Дојранско езеро. Тргнување од Дојран преку Демир Капија посета на археолошкиот локалитет Стоби потоа враќање преку Прилеп – Битола - враќање во Љубојно во вечерните часови.

***Техничка Организација***

- Техничката организација ќе се изведува во согласност со членовите 17,18,19,21,22,23,24,25,26,27 од важечкиот Правилник за организирање и изведување на ученички екскурзии.

***Начин на финансирање***

- Екскурзијата ќе ја финансираат родителите/старателите на учениците .
- Број на ученици – 2

***Извештај за реализацијата на екскурзиите и другите слободни активности***

Член 28

Непосредно по реализирањето на екскурзиите и другите слободни активности, а најдоцна во рок од три дена стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

Извештајот го разгледуваат Наставничкиот совет и Советот на родителите, а го усвојува Училишниот одбор.

Извештајот станува составен дел на Годишниот извештај за работа на училиштето.

Оделенските раководители ги запознаваат родителите со извештајот на родителски состаноци.

Доколку при разгледувањето на извештајот за реализација на екскурзијата и другите слободни активности се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договорените обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината.

Дата 11. 02.2025 год.

Директор
Менде Темелковски

**Љубојно 2025**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
ДИМИТАР ВЛАХОВ
Бр. 09-26/4
17 03 2025 год.
с.Љубојно,Ресен

ООУ„ Димитар Влахов“
с.Љубојно-Ресен

# ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈА
## со учениците од деветто одделение

***февруари 2025 година***

## *УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ*

### ***Програма за изведување на дводневна екскурзија во деветто одделение во учебната 2024/2025 година***

Врз основа на Годишната програма за 2024/2025 година на ООУ„Димитар Влахов " с.Љубојно - Ресен, и во согласност со Правилникот за изведување на екскурзии бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 изработен од Министерството за образование, врз основа на член 42 став (2) од Законот за основно образование, Стручниот тим за екскурзии, формиран од Училишниот одбор на училиштето, а врз основа на член 6 од споменатиот правилник за екскурзии, ја изработи следнава Програма за изведување на екскурзии во деветто одделение.

Со наставно- научната екскурзија ќе бидат опфатени учениците од IX одделение.

### ***Воспитно - образовни цели:***

- да се прошират и продлабочување на одредени знаења од одделни воспитно- образовни подрачја и наставни предмети;
- примена на вештини и ставови преку запознавање на појавите, културно - историски знаменитости, научни институции, индустриски и земјоделски капацитети и други објекти од општествената средина кои што се во согласност со воспитно- образовната работа на училиштето.
- рекреативен карактер
- стекнување на нови пријателства
- директно/непосредно запознавање на учениците со објекти од локалната средина
- согледување на влијанието на човекот врз природата и објектите
- развивање на способности за набљудување, запазување и воочување на природни и општествени предмети, облици, појави и процеси
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење

### ***Целите на екскурзијата се остваруваат преку:***

- истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;
- посети на локалитети и објекти од културно историско и друго значење;
- развивање интерес за природата и градење на еколошки навики;
- градење на чувство на припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот;
- запознавање на учениците со културата на различните етички заедници што живеат во нашата држава (преку изборот на културно- историски објекти што ќе се посетуваат), за примена на меѓуетничка интеграција во образованието;
- развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и граѓаните кои припаѓаат на другите народи кои живеат во државата;

- дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување искуствоза осамостојување и грижа за себе и
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење.

## *Содржини и активности:*

- Посета на културно – историски објекти ( Манастир Гаврил Лесновски с.Лесново Пробиштип,Манастир Успение на Пресвета Богородица-Елеуса,Манастир Свети Леонтиј- Водоча )
- Рекреација при разгледување на природни знаменитости и локалитети ( ХЕЦ Тиквеш , ТЕЦ Неготино, Колешински водопади, Дојранско езеро, Стоби)
- Забавно – рекреативни активности во текот на изведувањето на екскурзијата (меѓусебно дружење, песна и музика и сл.)
- Образовно-научни содржини( информативни предавања од страна на туристичките водичи и наставниците при посетата на сите погоре наведени локалитети)

## *Раководителот, наставниците и учениците*

- За раководител на екскурзијата е назначена Аница Симоновска -како одделенски раководител на 9-то одд.
- Број на ученици кои се пријавиле за одење на екскурзија - 5
- Екскурзијата се организира за учениците од 9 одд.

## *Времетраење на ученичката екскурзијата*

- Дводневна екскурзија со едно ноќевање. (Се планира за месец мај)

## *Локации за посета и правци на патување*

- **Прв ден:** Тргнување во утринските часови од с. Љубојно преку Битола, Прилеп, Кавадарци посета ХЕЦ Тиквеш, РУЧЕК ,Неготино посета на ТЕЦ Неготино,
- Продолжување со патувањето кон Манастир Гаврил Лесновски с.Лесново Пробиштип потоа Штип и посета на археолошки локалитет Исар. Потоа се продолжува за Струмица сместување со ноќевање и вечера (по избор на агенцијата).

- **Втор ден:** Појадок и продолжување на патувањето во Струмица посета на Колешински водопади и продолжување на патувањето кон манастирот Манастир Успение на Пресвета Богородица-Елеуса, и Манастир Свети Леонтиј- Водоча ) и ручек.
- Продолжување со патувањето во Дојран посета на Дојранско езеро. Тргнување од Дојран преку Демир Капија посета на археолошкиот локалитет Стоби потоа враќање преку, Прилеп – Битола - враќање во Љубојно во вечерните часови.

## *Техничка Организација*

- Техничката организација ќе се изведува во согласност со членовите 17,18,19,21,22,23,24,25,26,27 од важечкиот Правилник за организирање и изведување на ученички екскурзии.

## *Начин на финансирање*

- Екскурзијата ќе ја финансираат родителите/старателите на учениците .
- Број на ученици – 5

## *Извештај за реализацијата на екскурзиите и другите слободни активности*

Член 28

Непосредно по реализирањето на екскурзиите и другите слободни активности, а најдоцна во рок од три дена стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

Извештајот го разгледуваат Наставничкиот совет и Советот на родителите, а го усвојува Училишниот одбор.

Извештајот станува составен дел на Годишниот извештај за работа на училиштето.

Оделенските раководители ги запознаваат родителите со извештајот на родителски состаноци.

Доколку при разгледувањето на извештајот за реализација на екскурзијата и другите слободни активности се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договорените обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината.

Дата 11. 02.2025 год.

Директор
Менде Темелковски

**Љубојно 2025**

**18.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К

Се објавува Заклучокот по Програми за изведување на екскурзии во трето,шесто и деветто одделение во учебната 2024/2025 година и еднодневен пролетен излет за учениците од прво до деветто одделение во ООУ ,,Славејко Арсов“ – с.Подмочани

Се објавува Заклучок по Програми за изведување на екскурзии во трето, шесто и деветто одделение во учебната 2024/2025 година и еднодневен пролетен излет за учениците од прво до деветто одделение во ООУ ,,Славејко Арсов“ – с.Подмочани, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 28.03.2025 година.

Бр.09-935/18 Градоначалник
01.04.2025 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 ,11/2015 и 10/2021) а во врска со член 7 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година, Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 28.03.2025 година, откако ги разгледа Програми за изведување на екскурзии во трето, шесто и деветто одделение во учебната 2024/2025 година и еднодневен пролетен излет за учениците од прво до деветто одделение во ООУ ,,Славејко Арсов“ – с.Подмочани, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојуваат Програми за изведување на екскурзии во трето, шесто и деветто одделение во учебната 2024/2025 година и еднодневен пролетен излет за учениците од прво до деветто одделение во ООУ ,,Славејко Арсов“ – с.Подмочани заведен под арх.бр.09-88/1 од 17.03.2025 год.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-834/22 Претседател
28.03.2025 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Основно училиште
СЛАВЕЈКО АРСОВ
Бр. 02-881/1
17.07.2024 год.
Подмочани Ресен

**ПРОГРАМА**
**за изведување на еднодневна екскурзија за остварување на воспитни и образовни цели согласно развојниот период (I - III одделение)**

Врз основа на Годишната програма за 2024/2025 година на ООУ„Славејко Арсов “-с.Подмочани, и во согласност со новиот правилник за изведување на екскурзии бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 година изработен од Министерството за образование, врз основа на член 42 став (2) од Законот за основно образование, Стручниот тим за екскурзии, формиран од Училишниот одбор на училиштето, а врз основа на член 6 од споменатиот Правилник за екскурзии, ја изработи следнава Програма за изведување на екскурзии во трето одделение.

Со екскурзијата за остварување на воспитни и образовни цели согласно развојниот период ќе бидат опфатени **учениците од III одделение**.

1. ***Воспитно – образовни цели:***

- да се прошират и совладаат одредени знаења од наставниот материјал за трето одделение и пошироко (македонски јазик творење на тема Убава е мојата татковина, запознавање со географските карактеристики на татковината, Ликовно образование цртање и сликање на Верски и историски објекти и др.);
- примена на вештини и ставови преку запознавање на појавите, културно-историскитезнаменитости, и други објекти од општествената средина кои што се во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето;
- истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;
- градење на чувство за припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот;
- развивање интерес кон средината и градење еколошки навики.

2. ***Содржини и опис на активности***

**Истражување и откривање на културното и природното богатство на Скопје и околината**

Активности:

Културни манифестации и места:

- Скопско кале – историски и културен локалитет
  - Историско објаснување на значењето на скопското кале и културното наследство на регионот.
  - Разговор за архитектурата и начинот на градењето на калето во Скопје
  - Ликовно образование: цртање и сликање на архитектурни детали од калето
- Стара чаршија - Скопје – културно-историски и трговски центар со традиционално значење
  - Историско објаснување на значењето на старата чаршија во градот и неговата историја
  - Разговор за значењето на времето во историјата и културата на луѓето

- Музејот на Мајка Тереза - Скопје – културно-историски музеј
  - Запознавање на Спомен куќа на Мајка Тереза
  - Запознавање со животот и делото на нобеловката Мајка Тереза, како и за сегашните активности кои се преземаат од страна на нејзиниот ред, односно нејзините следбеници
- Музеј на македонска борба
  - Кратко објаснување за Музејот на македонската борба
  - Објаснување на Музејот на македонска борба каде од страна на кустосите во детаљи ќе им биде презентирана борбата на македонскиот народ за самостаојна и слободна држава.

Научни манифестации и места:

- Природен-научен музеј – научно-образовна институција со експонати од природните науки
  - Запознавање на Природното богаство на македонската геа, флора и фауна
  - Разговор за **Природен-научен музеј и ЗОО**
- ЗОО Скопје – научно-образовен центар за биодиверзитет и животински свет
  - Развивање запонавање на животинските групи како природно богатство .

Спортски и природни активности:

- Кањонот на Матка – природна локација погодна за спортски активности како пешачење, кајакарење и истражување на пештери
  - Објаснување за значењето на Кањонот на Матка и регионот.
  - Истражување на биолошката разновидност на реката и нејзината улога во екосистемите.
  - Дискусија за загрозеноста и начините за заштита на реката и околината.

Овие активности:

- истовремено се во насока на наставните предмети и теми како македонски јазик, општество, географија и ликовно образование, преку интерактивен и искуствен начин на учење и истражување.
- ги остваруваат целите на воспитно-образовната работа на училиштето преку истражување на културно-историските знаменитости, природните објекти и односите во општествениот живот. Учениците се поттикнуваат да применуваат вештини и ставови преку интерактивни искуства во реална средина.
- ќе ги поттикнат учениците да истражуваат и разберат значењето на природата и културното наследство на нивната заедница. Воедно, ќе ги поттикнат на размислување за важноста на одржливото користење на природните ресурси и градење на позитивни вредности како припадност, толеранција и зачитување на историското наследство.

Оваа посета ќе ги поттикне учениците да го зголемат интересот за изучување на македонската историја на Музејот на македонска борба каде од страна на кустосите во

детаљи ќе им бибе презентирана борбата на македонскиот народ за самостаојна и слободна држава.

### 3. *Одговорен наставник, други вклучени наставници, ученици и други*

- За одговорни наставници на еднодневната екскурзијата се назначени:

  Одговорен наставник

  - Нериман Алмала ____________________ (потпис)

  Други вклучени наставници

  - Лорита Јашари Бесими ____________________ (потпис)
  - Сања Ангеловска Бојковска ____________________ (потпис)

- Еднодневната екскурзијата се организира за учениците од трето одделение од македонските и албанските паралелки.

### 4. *Времетраење*

Еднодневната екскурзија ќе се реализира на Мај-Јуни

### 5. *Следење на реализацијата*

Одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите, во организацијата и реализацијата посредува избрана туристичка агенција со безбедни високо категоризирани автобуси преку самофинансирање од страна на родителите.

Во текот на екскурзијата ќе се следи активноста на учениците после кратките предавања од наставниците или водичот и ќе се бележат во соодветно изработен инструмент.

При посетата на знаменитостите учениците ќе имаат задача да фотографираат. При фотографирањето да се обрне внимание на деталите. Истите фотографии понатаму на час како активност ќе бидат користени за цртање и создавање на ликовна творба.

Следење на природните убавини, забележување на позититивно и негативно влијание на човекот врз нив, евидентирање на истите во нотес и можни решенија за намалување на негативните влијанија како еколошки предлози од учениците.

Писмен состав на зададена тема: Убава е мојата татковина

### 6. *Локациите за посета и правците на патување*

- Тргнување во утринските часови од с. Подмочани во посета на Посета во кањонот на Матка, Посета во Скопско кале, Стара чаршија -Скопје, Посета во Природен-

научен музеј и ЗОО , Посета во музејот на Мајка Тереза -Скопје, Посета на Музеј на македонска борба

7. *Техничка организација*

Техничката организација ќе се изведува во согласност со членовите: 17, 18, 19, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 од важечкиот Правилник за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта.

8. *Начин на финансирање*

Екскурзијата ќе ја финансираат родителите со исплаќање во готово (паричните средства ќе се исплаќаат директно на жиро сметка на агенцијата од страна на родителите/старателите).
Бројот на ученици ќе се утврди во договорот.

9. **Извештај за реализацијата на екскурзиите и другите слободни активности**

Согласно член 28 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии, излети и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта стручниот тим најдоцна во рок од седум дена ќе поднесе извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

28. 02. 2025 година

Директор:

Себахат Шемшединовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
СЛАВЕЈКО АРСОВ
Бр. 09-901/1
18.03 2025 год.
Подмочани Ресен

**ПРОГРАМА**

**за изведување на еднодневна екскурзија за остварување на на воспитни и образовни цели согласно развојниот период (IV – VI) за учениците**

Врз основа на Годишната програма за 2024/2025 година на ООУ„Славејко Арсов "-с.Подмочани, и во согласност со новиот правилник за изведување на екскурзии бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 година изработен од Министерството за образование, врз основа на член 42 став (2) од Законот за основно образование, Стручниот тим за екскурзии, формиран од Училишниот одбор на училиштето, а врз основа на член 6 од спomенатиот Правилник за екскурзии, ја изработи следнава Програма за изведување на екскурзии во шестто одделение.

Со екскурзијата за остварување на воспитни и образовни цели согласно развојниот период ќе бидат опфатени **учениците од VI одделение**.

1. ***Воспитно – образовни цели:***
   - Развивање на вештини за изразување преку творење на тема „Убава е мојата татковина" по македонски јазик.
   - Запознавање со географските карактеристики на татковината, природните богатства и знаменитости.
   - Ликовно изразување преку цртање и сликање на верски и историски објекти.
   - Истражување на историски, културни и природни знаменитости преку посети и истражувачки активности.
   - Разбирање на значењето на културното наследство и неговото зачувување.
   - Развивање на критичко размислување преку анализирање на општествени појави и настани.
   - Откривање на поврзаноста меѓу природните богатства и животот на луѓето.
   - Разгледување на начини за заштита на животната средина и одржлив развој.
   - Разбирање на меѓусебните односи во општеството преку проучување на културни и социјални аспекти.
   - Поттикнување на љубов и почит кон својата татковина.
   - Развивање на свесност за значењето на еднаквоста, толеранцијата и почитувањето на различностите.
   - Учество во активности кои промовираат соживот и меѓусебно разбирање.
   - Поттикнување на свест за заштита на природата и одговорно однесување кон животната средина.
   - Вклучување во еколошки акции и проекти за зачувување на природните убавини.
   - Разбирање на важноста на одржливиот развој и применување на позитивни еколошки навики.

2. ***Содржини и опис на активности***

1. Културни манифестации и места
- Скопско кале – Историски и културен локалитет

Активности:
- Истражувачка прошетка низ тврдината со историски водич.
- Набљудување на панорамскиот поглед и цртање на калето од различни агли.

- Работилница за истражување на средновековните утврдувања во Македонија.

Стара чаршија – Културно-историски и трговски центар
Активности:
- Истражување на занаетчиските дуќани и разговор со занаетчии за нивната работа.
- Ликовна активност – цртање фасади на традиционалните објекти.
- Фотографирање и изработка на фото-репортажа за животот во чаршијата (по реализација на екскурзијата).

Музеј на Мајка Тереза – Културно-историски музеј
Активности:
- Водена тура низ музејот со анализа на експонатите.
- Разговор за хуманоста и значењето на добротворните активности.
- Организирање на мала добротворна акција во училиштето (по реализација на екскурзијата).

2. Научни манифестации и места
Природен-научен музеј – Научно-образовна институција
Активности:
- Обиколка низ музејот и работа на работни листови со прашања за експонатите.
- Анализа на фосили и минерали под менторство на кустос.
- Креативно изработување макета на македонскиот биодиверзитет (по реализација на екскурзијата).

ЗОО Скопје – Центар за биодиверзитет и животински свет
Активности:
- Посета на зоолошката градина со работни задачи за следење на однесувањето на животните.
- Дискусија за еколошките предизвици и заштитата на животните.
- Креативна активност – изработка на постери за загрозените видови (по реализација на екскурзијата).

3. Спортски и природни активности
Кањонот Матка – Природна локација за спортски и авантуристички активности
Активности:
- Организирано пешачење и истражување на природните обележја.
- Посета на пештерите Врело и изработка на репортажа за нивната геолошка структура.
- Еколошка акција – чистење на дел од кањонот и дискусија за заштита на природата.

Овие активности ќе помогнат учениците да стекнат нови знаења преку практично учење, да развијат љубов кон културното и природното наследство, и да ја зајакнат својата еколошка свест.

### 3. *Одговорен наставник, други вклучени наставници, ученици и други*

- За одговорни наставници на еднодневната екскурзијата се назначени:

Одговорен наставник
Адриана Мурати ____________
(потпис)

Други вклучени наставници:
Амиде Хоџа ____________
( потпис)

- Еднодневната екскурзијата се организира за учениците од шесто одделение од македонските и албанските паралелки.

### 4. *Времетраење*

Еднодневната екскурзија ќе се реализира на Мај-Јуни

### 5. *Следење на реализацијата*

Одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите, во организацијата и реализацијата посредува избрана туристичка агенција со безбедни високо категоризирани автобуси преку самофинансирање од страна на родителите.

Во текот на екскурзијата ќе се следи активноста на учениците после кратките предавања од наставниците или водичот и ќе се бележат во соодветно изработен инструмент.

При посетата на знаменитостите учениците ќе имаат задача да фотографираат. При фотографирањето да се обрне внимание на деталите. Истите фотографии понатаму на час како активност ќе бидат користени за цртање и создавање на ликовна творба.

Следење на природните убавини, забележување на позититивно и негативно влијание на човекот врз нив, евидентирање на истите во нотес и можни решенија за намалување на негативните влијанија како еколошки предлози од учениците.

Следење на реализацијата на планираните активности по реализација на екскурзијата.

### 6. *Локациите за посета и правците на патување*

- Тргнување во утринските часови од с. Подмочани во посета на Посета во кањонот на Матка, Посета во Скопско кале, Стара чаршија -Скопје, Посета во

Природен-научен музеј и ЗОО , Посета во музејот на Мајка Тереза -Скопје, Посета на Музеј на македонска борба

## *7. Техничка организација*

Техничката организација ќе се изведува во согласност со членовите: 17, 18, 19, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 од важечкиот Правилник за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта.

## *8. Начин на финансирање*

Екскурзијата ќе ја финансираат родителите со исплаќање во готово (паричните средства ќе се исплаќаат директно на жиро сметка на агенцијата од страна на родителите/старателите).
Бројот на ученици ќе се утврди во договорот.

## 9.Извештај за реализацијата на екскурзиите и другите слободни активности

Согласно член 28 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии, излети и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта стручниот тим најдоцна во рок од седум дена ќе поднесе извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

28. 02. 2025 година

Директор:

Себахат Шемшединовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
СЛАВЕЈКО АРСОВ
Бр. 09-921/1
18.03.2024 год.
Подмочани Ресен

# ПРОГРАМА
## за изведување на еднодневна екскурзија за остварување на воспитни и образовни цели согласно развојниот период (VII - IX одделение)

Врз основа на Годишната програма за 2024/2025 година на ООУ„Славејко Арсов "- с.Подмочани, и во согласност со новиот правилник за изведување на екскурзии бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 година изработен од Министерството за образование, врз основа на член 42 став (2) од Законот за основно образование, Стручниот тим за екскурзии, формиран од Училишниот одбор на училиштето, а врз основа на член 6 од спомнатиот Правилник за екскурзии, ја изработи следнава Програма за изведување на екскурзии во шестто одделение.

Со екскурзијата за остварување на воспитни и образовни цели согласно развојниот период ќе бидат опфатени **учениците од IX одделение**.

1. ***Воспитно – образовни цели:***

Воспитно-образовни цели за ученици од деветто одделение

• **Продлабочување и примена на знаењата** од наставниот материјал преку истражувачки и креативни активности (македонски јазик – пишување есеи и анализи на тема Убава е мојата татковина, географија – детално проучување на природно-географските и економско-географските карактеристики на татковината, ликовно образование – проектирање и изработка на макети или дигитални презентации на верски и историски објекти).

• **Развивање на критичко мислење и истражувачки способности** преку запознавање со културно-историските знаменитости, природните богатства и социјалните аспекти на општеството, со посебен фокус на нивното значење за националниот и светскиот културен развој.

• **Анализа и оценување на природните и општествените појави** преку истражувачки проекти, теренска работа и користење на дигитални алатки за обработка на податоци поврзани со природата, културното наследство и современите предизвици во општеството.

• **Поттикнување на граѓанска одговорност, национална свест и почитување на различностите**, преку дискусии, дебати и проекти што ги промовираат еднаквоста, толеранцијата и соживотот во мултиетничко и мултикултурно општество.

• **Јакнење на свеста за одржлив развој и екологија** преку иницијативи за заштита на животната средина, анализирање на глобалните климатски промени и нивното влијание врз локалната заедница, како и преку организирање на конкретни активности за зачувување на природните ресурси.

2. ***Содржини и опис на активности***

1. Скопско кале
Содржина: Стратешко значење на Калето низ историјата и неговата улога денес

Активност: Учениците ќе истражуваат во кои периоди Калето имало најголемо стратешко значење, ќе анализираат извори и ќе изработат кратко истражување за тоа како може да се искористи просторот за современи културни настани.

2. Стара чаршија - Скопје
Содржина: Трговски, културен и архитектонски развој на Чаршијата низ вековите
Активност: Учениците ќе направат истражување за најзначајните објекти во Чаршијата (џамии, амами, дуќани), ќе изработат дигитален водич со историски информации и ќе предложат идеи за одржлив туристички развој на овој локалитет (по реализација на екскурзијата).

3. Музејот на Мајка Тереза - Скопје
Содржина: Хуманоста како глобална вредност – улогата на Мајка Тереза во светот
Активност: Учениците ќе истражуваат меѓународни проекти за хуманитарна помош, ќе дебатираат за значењето на добротворната работа во современото општество и ќе изработат есеј на тема „Како можам да придонесам за подобар свет?" (во училница по реализација на екскурзијата ќе пишуваат есеј)

4. Природен-научен музеј
Содржина: Биолошка разновидност и влијанието на човекот врз природата
Активност: Учениците ќе анализираат податоци за климатските промени и нивното влијание врз македонската флора и фауна, ќе дискутираат за еколошките предизвици и ќе изработат план за заштита на локален еко-систем (планот по реализација на екскурзијата).

5. ЗОО Скопје
Содржина: Заштита на загрозени видови – придобивки и контроверзии за улогата на зоолошките градини
Активност: Учениците ќе истражуваат кои животни во ЗОО Скопје се загрозени и ќе изработат презентација за позитивните и негативните аспекти на зоолошките градини (презентација по реализација на екскурзијата).

6. Кањонот Матка
Содржина: Геоморфолошки карактеристики, биодиверзитет и туристички потенцијал
Активност: Учениците ќе истражуваат како настанал кањонот Матка, ќе анализираат влијанието на туризмот врз животната средина и ќе создадат предлог-стратегија за еко-туризам во регионот.

7. Музеј на македонска борба
Содржина: Борбата за независност низ историските периоди и нејзиното значење денес
Активност: Учениците ќе анализираат изворни документи и фотографии, ќе истражуваат како медиумите и уметноста ја прикажуваат македонската борба низ времето и ќе создадат историски блог или видео-документарец (блог или видео-документарец по реализација на екскурзијата).
Овие активности за деветто одделение вклучуваат повисоки когнитивни нивоа од Блумовата таксономија (анализа, евалуација, создавање) и поттикнуваат критичко размислување и истражувачки пристап.

3. ***Одговорен наставник, други вклучени наставници, ученици и други***

- За одговорни наставници на еднодневната екскурзијата се назначени:

Одговорен наставник:

Адриана Мурати ____________
(потпис)

Други вклучени наставници

Амиде Хоџа ____________
(потпис)

- Еднодневната екскурзијата се организира за учениците од деветто одделение од македонските и албанските паралелки.

4. ***Времетраење***

Еднодневната екскурзија ќе се реализира на Мај-Јуни

5. ***Следење на реализацијата***

Одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите, во организацијата и реализацијата посредува избрана туристичка агенција со безбедни високо категоризирани автобуси преку самофинансирање од страна на родителите.

Во текот на екскурзијата ќе се следи активноста на учениците после кратките предавања од наставниците или водичот и ќе се бележат во соодветно изработен инструмент.

При посетата на знаменитостите учениците ќе имаат задача да фотографираат. При фотографирањето да се обрне внимание на деталите. Истите фотографии понатаму на час како активност ќе бидат користени за цртање и создавање на ликовна творба.

Следење на природните убавини, забележување на позититивно и негативно влијание на човекот врз нив, евидентирање на истите во нотес и можни решенија за намалување на негативните влијанија како еколошки предлози од учениците.

6. ***Локациите за посета и правците на патување***

- Тргнување во утринските часови од с. Подмочани во посета на Посета во кањонот на Матка, Посета во Скопско кале, Стара чаршија -Скопје, Посета во Природен-научен музеј и ЗОО , Посета во музејот на Мајка Тереза -Скопје, Посета на Музеј на македонска борба

7. ***Техничка организација***

Техничката организација ќе се изведува во согласност со членовите: 17, 18, 19, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 од важечкиот Правилник за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта.

***8. Начин на финансирање***

Екскурзијата ќе ја финансираат родителите со исплаќање во готово (паричните средства ќе се исплаќаат директно на жиро сметка на агенцијата од страна на родителите/старателите).
Бројот на ученици ќе се утврди во договорот.

**9. Извештај за реализацијата на екскурзиите и другите слободни активности**

Согласно член 28 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии, излети и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта стручниот тим најдоцна во рок од седум дена ќе поднесе извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

28. 02. 2025 година

Директор:

Себахат Шемшединовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
СЛАВЕЈКО АРСОВ
Бр. 03-941/1
18.03.2024 год.
Подмочани Ресен

# ПРОГРАМА

## за изведување на дводневна екскурзија со учениците од VI одделение

Врз основа на Годишната програма за 2024/2025 година на ООУ„Славејко Арсов "-с.Подмочани, и во согласност со новиот правилник за изведување на екскурзии бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 година изработен од Министерството за образование, врз основа на член 42 став (2) од Законот за основно образование, Стручниот тим за екскурзии, формиран од Училишниот одбор на училиштето, а врз основа на член 6 од споменатиот Правилник за екскурзии, ја изработи следнава Програма за изведување на екскурзии во деветто одделение.

Со дводневнаата екскурзија ќе бидат опфатени учениците одVI одделение.

1. ***Воспитно – образовни цели:***

- да се прошират и совладаат одредени знаења од наставниот материјал и пошироко (македонски јазик творење на тема Убава е мојата татковина, запознавање со географските карактеристики на татковината, природни науки, ликовно образование цртање и сликање на Верски и историски објекти и др.);
- примена на вештини и ставови преку запознавање на појавите, културно-историскитезнаменитости, и други објекти од општествената средина кои што се во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето;
- истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;
- развивање позитивен однос кон националните,културните и естетските вредности на сопствениот народ и на граѓаните кои припаѓаат на другите народи кои живеат во државата;
- дружење,социјализација,колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- запознавање на учениците со културата на различните етнички заедници што живеат во нашата држава(преку изборот на културно-историските објекти што ќе се посетуваат),за примена на меѓуетничка интеграција во образованието;
- Развивање интерес за спортски активности,рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење.

2. ***Содржини и активности***

Тргнување во утринските часови од с. Подмочани, се поминува Битола.

**ПРВ ДЕН**

**1. „Истражување на електричната енергија: Посета на ТЕЦ Неготино"**

Активност за учениците

- Вовед во темата: Почетокот на активноста може да вклучи кратка презентација или разговор за електричната енергија, како функционира ТЕЦ (Топлотната електроцентрала) и значењето на енергијата за нашата секојдневна употреба.
- Обиколка на ТЕЦ Неготино: Учениците ќе имаат можност да ја истражат ТЕЦ Неготино во соработка со водичот или техничкиот персонал на местото. Во текот на обиколката, ќе можат да видат различни делови на централата, како и да добијат информации за процесот на производство на електрична енергија.
- Дискусија и прашања: По завршувањето на обиколката, учениците ќе имаат можност да поставаат прашања и да водат кратки дискусии за виденото и за значењето на електричната енергија во современото општество.

Оваа активност ги ангажира учениците во истражување на релевантни теми поврзани со енергијата и нивното сознавање за енергетските извори и нивното влијание врз животната средина и општеството.

**2. „Истражување и дружење во Кавадарци: Откривање на културата и заедницата"**

Активност за учениците

- Почетен разговор и подготовка: Учениците ќе се соберат за кратка дискусија за значењето на социјализацијата, грижата за себе и осамостојувањето. Ќе се подготват за разгледување на градот Кавадарци и за интервјуирање на локалните жители за нивната култура и заедница.
- Разгледување на градот: Во малите групи или како целосна паралелка, учениците ќе го истражуваат градот Кавадарци. Може да вклучува обиколка на главните културни и историски објекти.
- Интервјуирање на локалните жители: Учениците ќе имаат можност да интервјуираат локалните жители за нивната култура, обичаи, историја и секојдневен живот. Оваа активност ќе ги ангажира учениците да поставаат прашања, да слушаат и да ги учат од искуствата на другите.
- Рефлексија и споделување: По завршувањето на обиколката и интервјуата, учениците ќе се соберат за кратка рефлексија. Секој ќе има можност да сподели свои впечатоци, научени знаења и искуства од истражувањето на градот и интервјуата со локалните жители.

Оваа активност им дава на учениците можност да го истражат своето локално општество, да ги развијат социјалните вештини, да се вклучат во колективна заштита и да стекнат искуства за осамостојување и грижа за себе.

**3. "Историја и духовност: Посета на манастирот Св. Гаврил Лесновски во Пробиштип"**

Активност за учениците

- Вовед во темата: Кратка презентација или разговор за историјата и значењето на манастирот Св. Гаврил Лесновски, како и за духовното наследство на манастирите во Македонија.
- Обиколка на манастирот: Учениците ќе имаат можност да го истражат манастирот во Пробиштип во соработка со водичот или манастирскиот персонал. Во текот на обиколката, ќе можат да ја видат црквата, манастирските соби, иконите и други религиозни објекти.
- Работилница: Организирајте кратка работилница каде учениците ќе имаат можност да разговараат за духовноста и значењето на верата во нивниот живот.
- Разговор со манастирскиот персонал: По завршувањето на обиколката, учениците ќе имаат можност да постават прашања и да водат кратки дискусии со манастирскиот персонал за манастирскиот живот, религиозната пракса и значењето на верата во денешното време.

Оваа активност ги ангажира учениците да ги истражат своите духовни корени и културното наследство на нивната земја, истовремено ги поттикнувајќи да развиваат сочувство, почит и разбирање за различните религиозни традиции и верски пракси.

**4. "Истражување на древната историја: Посета на Археолошките локалитети Баргала и Исар во Штип"**

Активност за учениците

- Вовед во темата: Започнете со кратка презентација или разговор за значењето на археологијата и древната историја на регионот на Штип. Истакнување на значењето на археолошките локалитети Баргала и Исар како дел од културното наследство на Македонија.
- Обиколка на Археолошките локалитети: Учениците ќе имаат можност да ги истражат локалитетите Баргала и Исар во соработка со археолозите или водичите на местото. Во текот на обиколката, ќе им се прикажат различните археолошки наоди и објекти, како и интересните аспекти од древната култура на оваа област.
- Разговор и дискусија: По завршувањето на обиколката, учениците ќе имаат можност да водат кратки дискусии со археолозите или водичите за значењето на најдените артефакти.
- Истражување на историските контексти: Организирајте кратка работилница каде учениците ќе ги истражат историските контексти на археолошките наоди, вклучувајќи ги периодите на древна историја и културните влијанија на регионот.

Оваа активност ги поттикнува учениците да ги истражат своите корени и историскиот наследство на нивниот регион, ги поттикнува да развиваат аналитички вештини и да разберат значењето на проучувањето на древната историја за современиот свет.

Вечера и ноќевање во Струмица.

**ВТОР ДЕН**

**5. "Природни и културни богатства на Струмица: Посета на водопадите и манастирите"**

Активност 1: "Истражување на природните убавини: Посета на водопадите во Колешински водопади"

- Вовед во темата за значењето на природата и водите како дел од нашето општество.
- Обиколка и истражување на Колешински водопади, каде учениците ќе можат да уживаат во прекрасниот природен пејзаж и да ја истражат околината на водопадот.

Активност 2: "Духовна и културна наука: Посета на манастирите Успение на Пресвета Богородица – Елеуса и Св. Леонтиј-Водоча"

- Вовед во темата за значењето на културното наследство и религиозните објекти во регионот.
- Обиколка и разгледување на манастирите, каде учениците ќе имаат можност да се запознаат со религиозната архитектура, иконите и историјата на манастирите, како и со значењето на духовноста во современото општество.

Враќање преку Прилеп, Битола до Подмочани.

### 3. *Одговорен наставник, други вклучени наставници, ученици и други*

- Одговорни наставници дводневната екскурзијата се назначени
  - Сузи Симоновска ______________________
    (потпис)
  - Бети Гошевска ______________________
    (потпис)

- Дводневната екскурзијата се организира за учениците од VI одделение од македонските и албанските паралелки или доколку нема доволен број на пријавени ученици,се планира екскурзијата да се реализира заедно со друго основно училиште ООУ"Димитар Влахов"с.Љубојно),со што ќе се реализира МИО активност.

### 4. *Времетраење*

Дводневната екскурзија ќе се реализира во Мај-Јуни

### 5. *Следење на реализацијата*

Во текот на екскурзијата ќе се следи вклученоста и активноста на учениците од страна на одделенските наставници и притоа ќе се користи соодветен инструмент за бележење. После дводневната екскурзија ќе се реализираат активности по соодветните предмети, на пример:

- Креирање на реферат или презентација: Како продолжение на посетата, учениците можат да добијат задача да креираат реферат или презентација за истражувањето на електричната енергија и работата на ТЕЦ. Ова може да вклучува детали за процесот на производство, влијанието врз животната средина и можни алтернативи за производство на енергија.
- Предавање или презентација пред паралелката: Во зависност од времето и интересот на учениците, секој може да има можност да ја презентира својата работа пред паралелката. Ова ги поттикнува учениците да ги споделат своите нови знаења и да развијат своите вештини за јавно излагање.
- Рефлексија и споделување: По враќањето во училиштето, ќе се организира кратка сесија за рефлексија каде учениците ќе можат да споделат свои впечатоци, наученото и дискусии од посетата на манастирот во Пробиштип.
- Креирање на колаж или презентација: Учениците ќе имаат задача да креираат колаж или презентација со фотографии, интервјуа и информации што ги собраа за време на активноста во Кавадарци. Ова ќе им помогне да ги проценат и презентираат своите искуства и да ги споделат со другите ученици и наставниците.
- Креирање на проекти: Учениците ќе имаат задача да креираат проекти или презентации за нивните откритија и истражувања на Археолошките локалитети Баргала и Исар. Ова ќе ги поттикне да ги изразат своите размислувања и усвоените знаења од активноста.

### *6. Локациите за посета и правците на патување*

Тргнување во утринските часови од с. Подмочани, се поминува Битола.

- Неготино ќе се посети ТЕЦ Неготино.
- Кавадарци и разгледување на градот.
- Пробиштип - посета на манастирот Св.Гаврил Лесновски
- Штип – Археолошки локалитет Баргала, Исар
- Струмица – Колешински водопади,манастирот Успение на Пресвета Богородица – Елеуса и манастирот Св.Леонтиј – Водоча

Враќање во Подмочани преку Прилеп,Битола.

### *7. Техничка организација*

Техничката организација ќе се изведува во согласност со членовите: 17, 18, 19, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 од важечкиот Правилник за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта.

### *8. Начин на финансирање*

Екскурзијата ќе ја финансираат родителите со исплаќање во готово (паричните средства ќе се исплаќаат директно на жиро сметка на агенцијата од страна на родителите (старателите).
Бројот на ученици ќе се утврди во договорот.

## 9. Извештај за реализацијата на екскурзиите и другите слободни активности

Согласно член 28 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта стручниот тим најдоцна во рок од седум дена ќе поднесе извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

28. 02. 2025 година

Директор:
Себахат Шемшединовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
СЛАВЕЈКО АРСОВ
Бр. 09-361/1
18.03.2025 год.
Подмочани Ресен

**ПРОГРАМА**

**за изведување на дводневна екскурзија со учениците од IX одделение**

Врз основа на Годишната програма за 2024/2025 година на ООУ„Славејко Арсов "-с.Подмочани, и во согласност со новиот правилник за изведување на екскурзии бр. 12-13487/1 од 19.11.2019 година изработен од Министерството за образование, врз основа на член 42 став (2) од Законот за основно образование, Стручниот тим за екскурзии, формиран од Училишниот одбор на училиштето, а врз основа на член 6 од споменатиот Правилник за екскурзии, ја изработи следнава Програма за изведување на екскурзии во деветто одделение.

Со дводневната екскурзија ќе бидат опфатени учениците од IX одделение. Бидејќи бројот на ученици е мал, затоа учениците од деветто ќе одат со учениците од шесто одделение на екскурзија од два дена. Посетени ќе бидат истите места но со цели и активности соодветни на возраста на учениците.

1. ***Воспитно – образовни цели:***

- Продлабочување и примена на стекнатите знаења од наставниот материјал и пошироко (македонски јазик – изразување преку есеј или репортажа на тема „Мојата татковина низ историјата и културата", географија – анализа на географските и климатските карактеристики на посетените места, природни науки – влијанието на природните фактори врз развојот на регионот, ликовно образование – скицирање и фотографирање на значајни културно-историски објекти).
- Истражување и критичка анализа на природните и општествените појави, поврзани со културно-историските знаменитости, економските активности, природните ресурси и одржливиот развој.
- Развивање на свест за националните и културните вредности, преку запознавање со историските настани и личности кои ја обликувале државата, како и традициите на различните етнички заедници во Македонија.
- Унапредување на социјалните вештини, тимската работа и способноста за независно одлучување, преку групни истражувања, дискусии и заедничко организирање на активности.
- Запознавање со современите технолошки достигнувања во индустријата, енергетиката и другите стопански гранки преку посети на фабрики, метеоролошки станици, хидроцентрали и други производствени капацитети.
- Поттикнување на интересот за рекреација и здрав животен стил, преку спортски активности, пешачење, ориентација во природа и развивање на навики за одговорно однесување во природата.
- Јакнење на меѓуетничката интеграција и почитување на културните разлики, преку запознавање со традициите, обичаите и уметноста на различните заедници во државата.
- Развивање на критичко мислење и медиумска писменост, преку истражувачки задачи, анализа на локални проблеми и предлагање на решенија за одржлив развој на посетените подрачја.

2. *Содржини и активности*

**Прв ден**

1. Истражување на електричната енергија: Посета на ТЕЦ Неготино
   - Пред посетата, учениците да добијат неколку прашања за кои ќе бараат одговори (Како се произведува струјата? Какви еколошки последици има оваа централа? Какви алтернативи постојат?).
   - По обиколката, можат да направат кратки презентации за тоа што научиле.

2. Истражување и дружење во Кавадарци: Откривање на културата и заедницата
   - Учениците ќе направат мапа на градот со обележани интересни места.
   - Добиваат задача да фотографираат нешто што им изгледа интересно и да го објаснат неговото значење.
   - Прават анкета меѓу локалните жители за животот во Кавадарци.

3. Историја и духовност: Посета на манастирот Св. Гаврил Лесновски во Пробиштип
   - Учениците да добијат задача да пронајдат и опишат најстар фрескопис во манастирот.
   - Кратка дискусија за тоа како манастирите влијаеле врз развојот на книжевноста и образованието во минатото.
   - Визуелна работилница: учениците да направат цртеж или мини-композиција врз основа на симболите во манастирот.

4. Истражување на древната историја: Посета на Археолошките локалитети Баргала и Исар во Штип
   - Учениците добиваат улоги (археолози, историчари, туристички водичи) и прават мини-претставување на локалитетот.
   - Дискусија: Како археолошките наоди можат да ни помогнат да разбереме како живееле луѓето во минатото?

Вечера и ноќевање во Струмица и заедничка активност навечер – квиз, тимски игри или кратко рефлектирање за денот.

<u>Втор ден</u>

5. Природни и културни богатства на Струмица: Посета на водопадите и манастирите

Активност 1: Истражување на природните убавини – Колешински водопади
- Разговор за биолошката разновидност на ова подрачје.
- Опишување како природните убавини можат да се заштитат.
- Мал фотографски натпревар – кој ќе направи најдобра слика на водопадите?

Активност 2: Духовна и културна наука – Посета на манастирите Успение на Пресвета Богородица – Елеуса и Св. Леонтиј-Водоча
- Учениците ќе истражат и запишат еден историски податок за секој манастир.
- Дискусија: Како верските објекти влијаат врз зачувување на културата?
- Визуелна задача: учениците ќе дизајнираат разгледница со мотив од манастирите.

Враќање преку Прилеп, Битола до Подмочани

- Кратка рефлексија во автобус – секој ученик да сподели едно нешто што му оставило најголем впечаток од екскурзијата.

### 3. *Одговорен наставник, други вклучени наставници, ученици и други*

- Одговорни наставници и оделенски наставници на дводневната екскурзијата се назначени
  - Сузи Симоновска ______________ (потпис)
  - Бети Гошевска ______________ (потпис)

- Дводневната екскурзијата се организира за учениците од IX одделение од македонските и албанските паралелки или доколку нема доволен број на пријавени ученици, се планира екскурзијата да се реализира заедно со друго основно училиште ООУ"Димитар Влахов"с.Љубојно), со што ќе се реализира МИО активност.

### 4. *Времетраење*

Дводневната екскурзија ќе се реализира во Мај-Јуни

### 5. *Следење на реализацијата*

Во текот на екскурзијата ќе се следи вклученоста и активноста на учениците од страна на одделенските наставници и притоа ќе се користи соодветен инструмент за бележење. После дводневната екскурзија ќе се реализираат активности по соодветните предмети, на пример:

- Креирање на реферат или презентација: Како продолжение на посетата, учениците можат да добијат задача да креираат реферат или презентација за истражувањето на електричната енергија и работата на ТЕЦ. Ова може да вклучува детали за процесот на производство, влијанието врз животната средина и можни алтернативи за производство на енергија.
- Предавање или презентација пред паралелката: Во зависност од времето и интересот на учениците, секој може да има можност да ја презентира својата работа пред паралелката. Ова ги поттикнува учениците да ги споделат своите нови знаења и да развијат своите вештини за јавно излагање.
- Рефлексија и споделување: По враќањето во училиштето, ќе се организира кратка сесија за рефлексија каде учениците ќе можат да споделат свои впечатоци, наученото и дискусии од посетата на манастирот во Пробиштип.
- Креирање на колаж или презентација: Учениците ќе имаат задача да креираат колаж или презентација со фотографии, интервјуа и информации што ги собраа за време на активноста во Кавадарци. Ова ќе им помогне да ги проценат и презентираат своите искуства и да ги споделат со другите ученици и наставниците.

- Креирање на проекти: Учениците ќе имаат задача да креираат проекти или презентации за нивните откритија и истражувања на Археолошките локалитети Баргала и Исар. Ова ќе ги поттикне да ги изразат своите размислувања и усвоените знаења од активноста.

## 6. *Локациите за посета и правците на патување*

Тргнување во утринските часови од с. Подмочани, се поминува Битола.

- Неготино ќе се посети ТЕЦ Неготино.
- Кавадарци и разгледување на градот.
- Пробиштип - посета на манастирот Св. Гаврил Лесновски
- Штип – Археолошки локалитет Баргала, Исар
- Струмица – Колешински водопади, манастирот Успение на Пресвета Богородица – Елеуса и манастирот Св. Леонтиј – Водоча

## 7. *Техничка организација*

Техничката организација ќе се изведува во согласност со членовите: 17, 18, 19, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 од важечкиот Правилник за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта.

## 8. *Начин на финансирање*

Екскурзијата ќе ја финансираат родителите со исплаќање во готово (паричните средства ќе се исплаќаат директно на жиро сметка на агенцијата од страна на родителите (старателите).
Бројот на ученици ќе се утврди во договорот.

## 9. **Извештај за реализацијата на екскурзиите и другите слободни активности**

Согласно член 28 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта стручниот тим најдоцна во рок од седум дена ќе поднесе извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

28. 02. 2025 година

Директор:

Себахат Шемшединовска

РЕПУБ... КА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
СЛАВЕЈКО АРСОВ
Бр. 09-98/1
18.03 20 25 год.
Подмочани Ресен

# П Р О Г Р А М А

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ПРОЛЕТЕН ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ ВО УЧЕБНАТА 2024/25ГОДИНА СО УЧЕНИЦИ ОД **II ДО IX ОДДЕЛЕНИЕ** ОД ООУ„СЛАВЕЈКО АРСОВ„ с. ПОДМОЧАНИ - РЕСЕН

1. **Воспитно – образовни цели**
   - стекнување на навики за престој и рекреација на чист воздух;
   - развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
   - социјализација, колективна заштита, развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики на здраво живеење.

**2. Содржина и опис на активности**

Планирани активности за излет периоди
1. Вовед и претставување на активностите
Содржина: Запознавање со местата што ќе се посетат и нивното значење
Активност:

- (II – III одделение): Кратка приказна или загатка поврзана со секое место што ќе се посети.
- (IV – VI одделение): Учениците добиваат мапа со означени локации и треба да погодат кои активности ќе ги извршуваат на секое место.
- (VII – IX одделение): Тимска дебата – зошто е важно да се запознаеме со природните ресурси и индустријата во нашата земја?

2. Посета на метеоролошката станица во Претор
Содржина: Како се мери времето и зошто метеоролошките податоци се важни?
Активност:

- (II – III одделение): Учениците ќе цртаат различни временски услови (сонце, дожд, снег) според реалните податоци што ќе ги добијат од метеоролошката станица.
- (IV – VI одделение): Практично мерење – секој ученик ќе добие можност да користи термометар, анемометар или барометар и ќе запишува резултати во дневник.
- (VII – IX одделение): Анализа на климатски податоци – учениците ќе ги споредат податоците од станицата со историски метеоролошки податоци и ќе дискутираат за климатските промени.

3. Посета на пекарата ЕЛАНД во село Долно Дупени
Содржина: Како се произведува лебот и зошто е важен во исхраната?
Активност:

- (II – III одделение): Учениците ќе направат едноставни облици од тесто кои ќе бидат печени во пекарата.
- (IV – VI одделение): Практично учество – мешање состојки за тесто и објаснување на процесот на ферментација.
- (VII – IX одделение): Истражување – учениците ќе спроведат мини-анализи за разликите помеѓу индустриски и занаетчиски методи на производство на леб.

4. Посета на фабриката за природен сок во село Лубојни
Содржина: Од јаболко до сок – процес на преработка и здравствени придобивки
Активност:

- (II – III одделение): Учениците ќе составуваат „патување на јаболкото“ преку слики – од дрво до сок.
- (IV – VI одделение): Практична задача – учениците ќе направат свеж сок од јаболка со рачен преса.
- (VII – IX одделение): Дискусија за природни и индустриски сокови – споредба на состојки, процес на пастеризација и маркетинг.

5. Посета на мини хидроцентралата во село Брајчино
Содржина: Како водата станува електрична енергија?
Активност:

- (II – III одделение): Едукативна игра – учениците ќе поврзуваат слики од различни извори на енергија (сонце, ветер, вода) со предмети што ги користиме секој ден.
- (IV – VI одделение): Учениците ќе изработат мал модел на водна турбина од едноставни материјали.
- (VII – IX одделение): Истражување – учениците ќе анализираат еколошките предности и недостатоци на хидроцентралите во однос на другите извори на енергија.

Овие активности ќе овозможат прилагодено учење за секоја возрасна група, со практично искуство и критичко размислување.

**3. Одговорен наставник, други вклучени наставници, ученици и други**

Одделенските наставници.
Оддговорен наставник:
- Сузана Мицалевска________________________
(потпис)

Други вклучени наставници:
- Нериман Алмалла________________________
(потпис)
- Сања Бојковска Ангеловска________________________
(потпис)

Предметни наставници
Одговорен наставник:
- Дитар Сабриу________________________
(потпис)

Други вклучени наставници:
- Дрита Абдиу ________________________
(потпис)
- Хрисула Стерјовска________________________
(потпис)
- Бети Гошевска________________________

(потпис)

- Амиде Хоџа______________________
(потпис)

**4. Времетраење**

Месец Април-Мај 2025. Поаѓањето ќе биде од училиште во 8 часот.

**5. Следење на реализацијата**

Пред да се оди на излет, добро ќе се планираат сите активности, резервации за превоз и настан, храна и безбедносни мерки. Внимателно ќе се проучи времето и ќе се обезбеди пригодна опрема и облека.

Натавниците ќе имаат преглед на сите ученици во текот на целиот излет, обезбедувајќи комуникација меѓу сите учесници и реагирање веднаш на сите потреби или проблеми.

Активностите ќе бидат интегрален дел од искуството, така што учениците ќе може да учат и да се забавуваат истовремено. Наставниците треба да се уверат дека сите активности се подготвени и да се исполни целата планирана програма.

По завршување на излетот, ќе се направи евалуација на искуството. Учениците и наставниците ќе треба да дадат свои мислења и заклучоци за тоа што беше успешно и што може да се подобри за иднина. Ова ќе помогне за подобрување на искуството во иднина.

**6. Локација за посета и правци на патување**

с. Подмочани, с. Долно Дупени, с. Брајцино, с. Лубојно

**7. Техничка организација**

Техничката организација ќе се изведува во согласност со членовите: 17, 18, 19, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 од важечкиот Правилник за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта.

**8. Начин на финансирање**

Самофинансирање од страна на родителите. Преку Јавна набавка се одбира туристичка агенција со најполовна цена на услугата и поволности за сочијално загрозените семејства.

**9. Извештај за реализацијата на екскурзијата и другите активности**

Согласно член 28 од Правилник за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, стручниот тим најдоцна во рок од седум дена ќе поднесе извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги за реализација на пролетниот излет во учебната 2024/2025 година со ученици од прво до деветто одделение.

28. 02, 2025 година

**ДИРЕКТОР**

Себахат Шемшединовска

**19.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Годишен План за вработување ООУ ,,Браќа Миладиновци'' – с.Царев Двор за 2025 година

Се објавува Заклучок по Годишен План за вработување ООУ ,,Браќа Миладиновци'' – с.Царев Двор за 2025 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 28.03.2025 година.

Бр.09-935/19
01.04.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/21) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 28.03.2025 година, откако го разгледа измена на Годишниот План за вработување на ООУ ,,Браќа Миладиновци”- с. Царев Двор Ресен за 2025 година , го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува измена на Годишен План за вработување на ООУ ,,Браќа Миладиновци”- с. Царев Двор Ресен за 2025 година заведен под арх.бр.01-57/1 од 18.03.2025 год.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-834/23
28.03.2025 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**20.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот по Извештајот по Годишна сметка на ЈКП ,,Пролетер’’ Ресен за 2024 година

Се објавува Заклучок по Извештајот по Годишна сметка на ЈКП ,,Пролетер’’ Ресен за 2024 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 28.03.2025 година.

Бр.09-935/20 Градоначалник
01.04.2025 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 23 став 1 точка 35 и член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 ,11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 28.03.2025 година, откако го разгледа Извештајот по Годишна сметка на ЈКП ,,Пролетер’’ Ресен за 2024 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Извештајот по Годишната сметка на ЈКП ,,Пролетер’’ Ресен за 2024 година заведен под арх.бр.05-173/8 од 28.02.2025 год.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-834/24 Претседател

28.03.2025 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

Ресен

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ – " ПРОЛЕТЕР "- Р Е С Е Н

Јавно Комунално Претпријатие
ПРОЛЕТЕР ЦО
бр. 05-173/8
28. 02. 2025 год.
РЕСЕН

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
Примено: 17.03.2025
08 | 784/2

# И З В Е Ш Т А Ј
# ПО ГОДИШНА СМЕТКА НА ЈКП „ ПРОЛЕТЕР "- РЕСЕН ЗА 2024 ГОДИНА



Јавно Комунално Претпријатие ПРОЛЕТЕР Ресен ЦО

Ресен , Февруари 2025 год.

# И З В Е Ш Т А Ј
# ПО ГОДИШНА СМЕТКА НА ЈКП „ПРОЛЕТЕР“ РЕСЕН ЗА 2024 ГОДИНА

ЈКП „ Пролетер “ е претпријатие кое ги извршува повеќето од комуналните услуги во градот. Услугите имаат поспецифичен карактер во споредба со другите услуги и стопански гранки затоа што истите се непосредно врзани со секојдневните потреби на населението и стопанството и се неопходни за нивното живеење и работење.

Поради ваквиот карактер, овие услуги бараат поголема посветеност при нивното организирање и извршување. Како претпријатие воглавно сме фокусирани кон идентификација на параметрите врз основа на кои понатаму ги користиме најдобрите методи и пристапи за утврдување на поефикасна деловна стратегија за обезбедување на квалитетна и континуирана услуга. Но, секогаш и не успеваме да го постигнеме тоа затоа што успешната реализација бара постоење и на други предуслови кои зависат од други надворешни фактори.

Претпријатието брои седум работни единици и 70-80 (од кој 67 во редовен работен однос и 7 привремени работници ангажирани преку агенција) вработени. Услугите кои ги извршуваме се во директна корелација со секојдневните потреби на жителите на Општина Ресен и како такви бараат голема посветеност при нивното организирање и извршување.

Со ваквата ситуација која што се случува на глобално ниво, нагло поскапување на сите ресурси, како и пренесувањето на обврските кои ни се наталожија се доведовме до значително нарушување на должничко доверителските односи како и немоќ да ги извршуваме предвидените годишни програми во целост во секоја од работните единици и вака реализираното штедење од друга страна направи да се откажиме од многу планирани инвестициони активности кои пак може да се одразат во иднина во нудењето на услугите во обем и квалитет а последиците да ги почуствуваат корисниците-граѓаните.

Извештајот по Годишна Сметка на ЈКП „Пролетер“ за 2024 год. е анализа на збир од активности и услуги извршени од страна на работните единици и сектори на претпријатието.

Од приложените податоци во Табелата Бр. 1, се гледа дека крајниот финансиски резултат за деловната 2024 год. е добивка од редовното работење и тоа во износ од 759,529 денари, односно нето добивка 595,835 денари со пресметан данок на добивка 163,694денари.

Јавно Комунално Претпријатие ПРОЛЕТЕР Ресен ЈП

Табела 1: Финансиски резултат на ЈКП Пролетер за 2023 год. спореден со од 2024 год.

| Р. БР | ПРИХОДИ И РАСХОДИ | 2023год | Структура% | 2024год | Структура% | Движење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | **45,552,591** | **83.79** | **54,819,127** | **92.73** | **1.20** |
| | Приходи од вода | 20,034,754 | 43.98 | 25,188,170 | 45.95 | 1.26 |
| | Приходи од канализација | 2,646,963 | 5.81 | 2,722,397 | 4.97 | 1.03 |
| | Приходи од преч.станица | 5,011,911 | 11.00 | 6,657,698 | 12.14 | 1.33 |
| | Приходи од отпад | 14,315,009 | 31.43 | 14,360,296 | 26.20 | 1.00 |
| | Приходи од ЈЧ | 2,323,030 | 5.10 | 3,786,528 | 6.91 | 1.63 |
| | Приходи од пазариште | 383,041 | 0.84 | 395,849 | 0.72 | 1.03 |
| | Приходи од гробишта | 837,883 | 1.84 | 1,708,189 | 3.12 | 2.04 |
| 2 | **ОСТАНАТИ ПРИХОДИ** | **5,017,350** | **9.23** | **3,300,821** | **5.58** | **0.66** |
| 3 | **ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** | **3,797,958** | **6.99** | **999,564** | **1.69** | **0.26** |
| I | **ВКУПНИ ПРИХОДИ (1+2+3)** | **54,367,899** | **100.00** | **59,119,512** | **100.00** | **1.09** |
| 4 | **РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | **52,601,244** | **99.90** | **58063271** | **99.49** | **1.10** |
| | Тр. за суровини и материјали | 9,038,237 | 17.18 | 10578478 | 18.22 | 1.17 |
| | Трош. за услуги | 5,334,223 | 10.14 | 5687337 | 9.80 | 1.07 |
| | Плати и др.над. на вработ. | 33,893,934 | 64.44 | 37373933 | 64.37 | 1.10 |
| | Амортизација | 2,625,415 | 4.99 | 2778605 | 4.79 | 1.06 |
| | Останати трош. од работ. | 1,709,435 | 3.25 | 1644918 | 2.83 | 0.96 |
| 5 | **ОСТАНАТИ РАСХОДИ** | **1,203** | **0.00** | 296712 | **0.51** | **246.64** |
| 6 | **ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | **52,347** | **0.10** | | **0.00** | **0.00** |
| II | **ВКУПНИ РАСХОДИ (4+5+6)** | **52,654,794** | **100.00** | 58359983 | **100.00** | **100.00** |
| III | **ДОБИВКА ПРЕД ОДАН. I-II** | **1,713,105** | | **759,529** | | |
| IV | **ДАНОК ОД ДОБИВКА** | **36,398** | | **163694** | | |
| V | **ДОБИВКА ЗА ГОД. III-IV** | **1,676,407** | | **595,835** | | |
| VI | **ЗАГУБА ЗА ГОД. IV- III** | | | | | |

Јавно Комунално Претпријатие ПРОЛЕТЕР Ресен

## ПРИХОДИ ПО ВИДОВИ ВО 2023 И 2024 ГОДИНА




## РАСХОДИ ПО ВИДОВИ ВО 2023 И 2024 ГОДИНА




Првите прикажани вредности ја претставуваат 2023година, вторите вредности ја прикажуваат 2024година.